

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## 2023

## СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Email: dusobrakamiladinovci@yahoo.com
Website: www.brakjamiladinovci.edu.mk

Tel: +389 2 2791044
Ул.Бранко Заревски 110, Скопје

# ВИЗИЈА, МИСИЈА И МОТО НА УЧИЛИШТЕТО

**МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Средното училиште на град Скопје „Браќа Миладиновци“ е единствено средно училиште околу кое гравитираат 3 општини: Кисела Вода, Студеничани и Зелениково.

Тоа е и единствено училиште во Градот Скопје во кое е застапена земјоделско-ветеринарната струка и единствено училиште кое во овие општини нуди гимназиско образование на два наставни јазика-македонскиот и албанскиот.

Нашата мисија е да образуваме што повеќе ученици од овие општини и

**ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Сакаме нашето училиште да биде препознатливо во опкружувањето поради успесите кои што ги постигнуваат учениците и квалитетната настава што ја изведуваат наставниците.

Сакаме да бидеме училиште во кое ќе се учи за да се стекнуваат квалитетни и применливи знаења, вклучувајќи ги сите независно од тоа дали се разликуваат во нешто , и сакаме училиште полно

**МОТО**

Училиште за сите, образование за сите, општество за сите.

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

**ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО:** СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје

**АДРЕСА:** Ул. Бранко Заревски бр.110

**ПОШТА:** 1000 Скопје

**ТЕЛЕФОН:** 02 2791 044/02 2794 697

**E-MAIL:** dusobrakamiladinovci@yahoo.com

**WEB:** https://sugsbrakjamiladinovci.edu.mk

**ДРЖАВА:** Република Северна Македонија

**МАТИЧЕН БРОЈ:** 4066936

**ШИФРА НА ДЕЈНОСТ:** Средно образование (85.32)

**ЖИРО СМЕТКА:** 785010363878719

**ВЕРИФИКАЦИЈА:**

- Бр.09-2441/1 од 15.05.2004 гимназиско образование
- 11-1552/4 од 24.06.2011 година верифицирана е експериментална германска паралелка.
- 11-83/1 од 09.01.2007 стручно образование
- Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018-реформирано техничко образование

**ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА:** Македонски и албански наставен јазик

**ГОДИНА НА ИЗГРАДБА:** 1964

**ТИП НА ГРАДБА:** Монтажна барака

**ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТОТ:** 3600 м2

**ПОВРШИНА НА ДВОРОТ СО РАКОМЕТНО ИГРАЛИШТЕ:** 3000 $м^2$

**БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ:** 20

**БРОЈ НА УЧЕНИЦИ:** 217

Средното училиште на град Скопје е едно од 23 средни училишта на кои како основач се јавува Градот Скопје.

Сместено е во руралниот дел на Скопје, во атарот на населба Драчево-Општина Кисела Вода.

До училиштето може да се стигне преку градски превоз (автобуси бр. 31, 41, 41 А, 42 , 51 и 67, со воз, или пак со автомобил).

Училиштето е формирано во 1964 година, а училишната зграда е подарок од англиската влада, на разрушеното Скопје по катастрофалниот земјотрес (1963).

Училиштето е формирано како гимназија на основа на чл.1 и 76 од Општинскиот Закон за школство Сл.весник на СФРЈ бр.4/64 Собранието на Општина Драчево на 16 седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници/ 01.07. 1964 година со

Решение бр.01-3521/1 на 01.07.1964 година. Со воведување на средното насочено образование во 1980 Решение бр.11-139/1-79 од 17.02.1980 се трансформира во средно стручно училиште, во кое учениците стекнуваат образование од земјоделската и ветеринарната струка.

Со реформите во образовниот систем, во 1995 година Решение бр.11-514/3 од 23.03.1995, повторно се воведуваат гимназиските паралелки, па денес тоа е училиште во кое учениците стекнуваат гимназиско образование и образование од земјоделско-ветеринарната струка.

Од основањето до денес со училиштето раководеле седум директори:

1. **Александар Поповски од 1964 до 1965**
2. **Борис Гоговски од 1965 до 1982**
3. **Стојче Манев од 1982 до 1996**
4. **Јован Лозановски од 1996 до 1999**
5. **Ангеле Трајковски од 1999 до 2003**
6. **Елизабета Ангелеска од фрвруари 2003 до јуни 2012 година**
7. **Емилија Ангелова од јуни 2012 до септември 2018 година**
8. **Елизабета Ангелеска од септември 2018-мај 2023**
9. **Константин Василевски од мај 2023**

Основната дејност на училиштето е воспитно-образовна.
Училиштето е верифицирано да образува ученици од гимназиско и стручно образование-земјоделско-ветеринарнаструка, односно:
Гимназиското образование е верифицирано со одлука на министерот Азис Положани со Решение бр.09-2441/1 од 15.05.2004 година, Министерство за образование и наука, за изборните подрачја општествено- хуманистичко, јазично-уметничко и природно-математичко, а со Решение број 11-1552/4 од 24.06.2011 година е верифицирана експериментална германска паралелка.
Земјоделско – ветеринарната струка/Сектѕор земјоделство, рибарство и ветеринарство работи според програма за реформирано техничко образование со следните образовни профили:

**-Техничат за фитомедицина Решение бр. УП1 13-2850 од 10.06.2020**
**-Техничат за агроменаџмент Решение бр. УП1 13-2852 од 10.06.2020**
**- Техничат по ветеринарна медицина Решение бр. УП1 13-2851 од 10.06.2020**
**-Агротехничар Решение бр. УП1 13-13-2853 од 10.06.2020**

**-Техничат за фитомедицина со зголемен број на часови по практично образование Решение бр. УП1 13-117 од 13.06.2023**
**-Техничат за агроменаџмент со зголемен број на часови по практично образование Решение бр. УП1 13-115 од 13.06.2023**
**- Техничат по ветеринарна медицина со зголемен број на часови по практично образование**
**Решение бр. УП1 13-116 од 13.06.2023**
**-Агротехничар со зголемен број на часови по практично образование**
**Решение бр. УП1 13-118 од 13.06.2023**

Наставата во гимназиското и стручното образование (земјоделско-ветеринарната струка) се реализира според наставни планови одобрени од страна на Министерството за образование и наука.
Наставата во училиштето се одвива на македонски и албански наставен јазик.

# ВОВЕД

Развивањето, воспоставувањето и унапредувањето на квалитетот во различните сфери на животот и работата, особено во областа на образованието и учењето (област која најмногу има влијание во развојот на едно општество во целина), претставува неопходна активност.
Денес, насекаде во светот се воведуваат современи процедури за обезбедување на квалитет со цел образованите системи да бидат што повеќе ефективни и ефикасни.
Еден од начините да се воспостави и осигура ефективен образовен систем е неговото вреднување, односно вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовните институции (училиштата).
Кога зборуваме за вреднувањето на квалитетот на работата на едно училиште, треба да истакнеме дека тоа се спроведува преку: **самоевалуација и интегрална евалуација.**

Самоевалуацијата претставува процес преку кој се вреднува квалитетот на работата на училиштето, а ја спроведува самото училиште. Оваа постапка всушност претставува вреднување на сопствената работа, а се тргнува од анализата на тоа што и како сме сработиле.
Всушност, при самоевалуацијата треба да одговориме на следниве три прашања, кои претставуваат суштина на самоевалуацијата (самовреднувањето):

- ✓ **Колку училиштето е добро?**
- ✓ **Од каде го знаеме тоа?**
- ✓ **Што треба да направиме, училиштето да биде уште подобро?**

Најточни, најдобри и најрелевантни одговори на овие прашања можат да дадат наставниците, учениците, раководниот тим, останатите вработени, родителите, локалната заедница, социјалните партнери и други соработници, но секој од своја гледна точка, со што се постигнува преглед на сите предности и недостатоци (јаки и слаби страни) на самото училиште.
Согласно Законот за средно образование, секое училиште е должно да спроведе процес на самоевалуација секоја втора година (член 29-а).
Интегралната евалуација ја спроведува Државниот просветен инспекторат секоја трета година (согласно законот за ДПИ) и опфаќа вреднување на: организација и реализација на наставата, услови и култура во воспитно-образовната установа, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и сл.
После спроведената интегрална евалуација Државниот просветен инспекторат изработува писмен извештај за работата на наставниците и стручните соработници и го доставува до училиштето и до Државниот испитен центар.
Согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштето, во процесот на самоевалуација се вреднуваа седум подрачја:

1. Наставни планови и програми;
2. Постигања на учениците;
3. Учење и настава;
4. Поддршка на учениците;

5. Училишна клима;
6. Ресурси;
7. Управување, раководење и креирање на политики.

## ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Училишниот одбор, на седницата бр. 70 одржана на 11.02.2021 година донесе одлука за формирање на училиштен тим за самоевалуација во состав:

- **Елизабета Ангелеска, поранешен директор-тим лидер**
- **Оливера Величковска-член**
- **Билјана Николовска Прља-член**
- **Ханифе Адили-член**
- **Никола Николоски-член**
- **Гордана Секоска-член**
- **Емилија Брушкоска-член**
- **Нехат Реџепи-член**

За секое подрачје на евалуација, се формираа училишни тимови, кои ја изработија самоевалуацијата по подрачја, односно:

**Тим 1: Подрачје- Наставни планови и програми**
- Оливера Величковска, педагог -тим лидер
- Наташа Младеновска

**Тим 2: Подрачје-Постигања на учениците**
- Билјана Николовска Прља, професор по англиски јазик- тим лидер

**Тим 3: Подрачје- Учење и настава**
- Ханифе Адили-тим лидер
- Елена Ташева-член

**Тим 4: Подрачје- Поддршка на учениците**
- Никола Николоски, психолог-тим лидер

**Тим 5: Подрачје- Училишна клима**
- Гордана Секоска, професор по стручни предмети и практична настава- тим лидер
- Тони Димитриевски, професор по стручни предмети и практична настава-член
- Ивица Маринковиќ, професор по стручни предмети и практична настава-член

**Тим 6: Подрачје-Ресурси**
- Емилија Брушкоска, секретар на училиштето-тим лидер
- Марија Петровска, стручен соработник по практична настава-член
- Осман Бајрами, професор по стручни предмети и практична настава-член

**Тим 7: Подрачје- Управување, раководење и креирање на политики**

- Нехат Рецепи, помошник директор-тим лидер
- Снежана Колевска- член

## ПЛАН НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Ред.број | АКТИВНОСТ | Кој? | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на тим за самоевалуација | Училишен одбор | |
| 2. | Формирање тимови за одредени подрачја на самоевалуацијата | Директор | |
| 3. | Состанок со тимовите за самоевалуација | Директор | |
| 4. | Договор за примена на соодветни индикатори, методи и инструменти | Тимови по подрачја | |
| 5. | Собирање податоци за состојбата во училиштето | Тимови по подрачја | |
| 6. | Анализа на состојбата | Тимови по подрачја | |
| 7. | Извештај од самоевалуацијата | Тимови по подрачја | |
| 8. | Изработка на збирен Извештај од самоевалуација | Училишен тим за самоевалуација | |
| 9. | Изработка на Развоен план на училиштето | Училишен тим за самоевалуација | |
| 10. | Презентација на извештајот од самоевалуацијата и Развојниот план пред стручните органи и тела | Училишен тим за самоевалуација | |
| 11. | Усвојување на Извештајот од самоевалуација и развојниот план од страна на Училишен одбор | Училишен одбор | |
| 12. | Доставување на извештајот од самоевалуација до надлежните институции | Директор | |

## ДОКАЗИ И ИНСТРУМЕНТИ КОРИСТЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Дадени се за секое подрачје посебно.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Тим за самоевалуација на подрачје 1: Наставни планови и програми

1. **Оливера Величковскаи- лидер на тимот**
2. **Наташа Младеновска-член**

За подрачјето на вреднување 1: Наставни планови и програми, индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1. | **Реализација на наставни планови и програми** | ▪ Применувани наставни планови и програми<br>▪ Информираност на родителите и учениците за НПП<br>▪ Прилагодување на НПП за деца со посебни образовни потреби<br>▪ Избор на наставни предмети<br>▪ Реализација на проширени програми |
| 1.2. | **Квалитет на наставните планови и програми** | ▪ Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>▪ Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>▪ Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>▪ Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3. | **Воннаставни активности** | ▪ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>▪ Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>▪ Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>▪ Афирмирање на учениците и училиштетопреку воннаставните активности |

**Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетите на подрачјето**

**<u>Подрачје 1: Наставни планови и програми</u>**

**Прашалник за ученици**

Ве молиме да одговорите на следните прашања 1. Да 2. Не 3. Делумно

За анализа извршена е анкета со 65 ученици и добиени се следните резултати изразени во проценти (%).

| Реден број | Тврдење/исказ | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наставните програми и содржини се во согласност со моите очекувања и интереси | 70,77 | 1,54 | 27,70 |
| 2. | Содржината во наставните програми е прилагодена на возраста на учениците и ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето | 83,08 | 1,54 | 15,38 |
| 3. | Редовно посетувам дополнителна настава | 50,77 | 32,31 | 16,92 |
| 4. | Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби | 87,69 | 1,54 | 10,78 |
| 5. | Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците | 80,00 | 3,08 | 16,92 |
| 6. | Училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците | 80,00 | 10,78 | 9,23 |
| 7. | Во воннаставните активности се вклучени ученици со посебни образовни потреби | 75,38 | 9,23 | 15,38 |
| 8. | Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор | 67,69 | 7,69 | 24,62 |
| 9. | Наставниците го развиваат мојот натпреварувачки дух и ме охрабруваат да учествувам на натпревари | 73,85 | 10,78 | 15,38 |
| 10. | Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности ( преку медиуми, училишен весник и слично ) | 69,23 | 13,85 | 16,92 |

**<u>Наставни планови и програми</u>**

**Прашалник за родители**

Ве молиме да одговорите на следните прашања

1. Да 2. Не 3. Не знам

За анализа извршена е анкета со 21 родители и од прашалникот се добиени следните резултати изразени во %.

| Реден бр | Тврдење/исказ | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето | 90.48 | 0 | 9,52 |
| **2.** | Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби | 80,95 | 0 | 19,05 |
| **3.** | Знаењата што ги стекнува моето дете ќе му користат за понатамошното школување, вработување и за животот воопшто | 100 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците | 85,71 | 0 | 14,29 |
| **5.** | Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето | 90,48 | 0 | 9,52 |
| **6.** | Информиран/а сум за реализирањето на дополнителна/додатна настава по сите предмети во училиштето | 85,71 | 0 | 14,29 |
| **7.** | Информиран/а сум за проектите што се реализираат со ученици во и надвор од училиштето | 95,24 | 0 | 4,76 |
| **8.** | Училиштето редовно ги промовира вонннаставните активности (преку медиуми, училишен весник и слично ) | 95,24 | 0 | 4,76 |

**Подрачје**
**1: Наставни планови и програми**
**Прашалник за наставници**
Ве молиме да одговорите на следните прашања
1. Да 2. Не 3. Делумно
За анализа извршена е анкета со 31 наставник и добиени се следните резултати изразени во проценти (%):

| Реден број | Тврдење/исказ | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Наставата ја реализирам согласно наставните програми одредени од МОН (БРО) на РСМ | 100 | 0 | / |
| **2.** | Наставните содржини ги прилагодувам на нивото на знаење на учениците | 95,24 | 0 | 4,76 |
| **3.** | Наставните програми и содржини овозможуваат да се исполнат очекувањата и интересите на ученикот | 42,86 | 0 | 57,15 |
| **4.** | Применувам ИКТ во наставниот процес и разновидни техники за реализација на наставата и располагам со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставната содржина | 71,43 | 0 | 28,57 |
| **5.** | Ги земам во предвид разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување | 100 | 0 | 0 |
| **6.** | Наставните содржини ги поврзувам со практична примена и потребите на пазарот на трудот | 76,19 | 9,52 | 14,28 |
| **7.** | Редовно и успешно реализирам дополнителна настава | 71,43 | 4,76 | 23,81 |
| **8.** | Редовно и успешно реализирам додатна настава | 52,38 | 0 | 47,62 |
| **9.** | Применувам изготвени критериуми за оценување на учениците | 90,48 | 0 | 9,52 |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

1. Индикатор за квалитет

1.1 Реализација на наставните планови и програми

- Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам |
| 90.48 | 0 | 9,52 | 70,77 | 1,54 | 27,70 | 100 | 0 | 0 |




Графикон 1. Информираност со целите на наставните планови и програми

- Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни програми

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам |
| 87,69 | 1,54 | 10,78 | 80,95 | 0 | 19,05 | 95,24 | 0 | 4,76 |




Графикон 2. Приспособени наставни планови и програми за деца со посебни потреби

- Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците

| Родители | | | Ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам |
| 85.71 | 0 | 14.29 | 80.00 | 3.08 | 16.92 |




Графикон 3. Изборните предмети се избираат согласно барањата на учениците

Во однос на <u>реализацијата на наставните планови и програми</u> анкетата покажува дека најголем дел од родителите, учениците и наставниците се задоволни од:

- реализацијата, односно информираноста за наставните планови и програми,

- наставните програми се адаптираат за децата со посебни образовни потреби,
- постапката за избор на изборни предмети се врши според интересот на учениците,
- училиштето нуди разни програми.

1.Индикатор за квалитет
1.2 Квалитет на наставните планови и програми

- знаењата што ги стекнуваат учениците им користат за понатамошното школување, вработување и за животот воопшто.

| Родители | | |
|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** |
| **100** | 0 | 0 |




Графикон 4. Квалитет на наставните планови

- Во однос на квалитетот на наставните планови и програми сите анкетирани родители 100% се согласуваат дека наставните планови и програми се квалитетни.

1.Индикатор за квалитет
1.3 Воннаставни активности

- Училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците

| Родители | | | Ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 90,48 | 0 | 9,52 | 80,00 | 10,78 | 9,23 |




Графикон 5. Воннаставните активности ги задоволуваат потребите на учениците

- Во воннаставните активности се вклучени ученици со посебни образовани потреби

| Ученици | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не знам |
| 75,38 | 9,23 | 15,38 |




Графикон 6. Учениците со ПОП учествуваат во воннаставни активности

- Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор

| Ученици | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не знам |
| 67,69 | 7,69 | 24,62 |




Графикон 7. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор

- Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности

| Родители | | | Ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Не | Не знам | Да | Не | Не знам |
| 95,24 | 0 | 4,76 | 69,23 | 13,85 | 16,92 |




Графикон 8. Промовирање на воннаставните активности

Во однос на примена на воннаставните активности од анкетираните ученици, и родители најголемиот дел се согласуваат дека училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците, во воннаставните активности се вклучени ученици со посебни образовани потреби, учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор, како и дека училиштето редовно ги промовира воннаставните активности.

### 1.1.1 Применувани наставни планови и програми

СУГС ,,Браќа Миладиновци,, Скопје е верифицирано да образува ученици од гимназиско и стручно образование, земјоделско-ветеринарна струка, односно: гимназиското образование е верифицирано со одлука на министерот Азис Положани со Решение бр.09-2441/1 од 15.05.2004 година, Министерство за образование и наука, за изборните подрачја општествено-хуманистичко,јазично-уметничко и природно-математичко, а со Решение број 11-1552/4 од 24.06.2011 година е верифицирана експериментална германска паралелка.
Земјоделско–ветеринарната струка работи според реформирана програма со следните образовни профили:
- ветеринарен техничар;

- техничар за фармерско производство;
- техничар за хортикултура;
- техничар за агроменаџмент

Од учебната 2019/2020 година со Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018 година донесено од страна на министерот за образование и наука д-р Арбер Адеми, во прва година во стручното образование учениците од прва година наставата ќе ја следат според наставни планови и програми во реформирано техничко образование, односно во Секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство, со следниве образовни профили:
агротехничар
техничар за агроменаџмент
техничар за фитомедицина
техничар по ветеринарна медицина
Применуваните Наставни планови и програми се во согласност со донесените/одобрените програмски документи од МОН. Нашето училиште во целост ги реализира истите. Врз реализацијата на Наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава-интерактивно учење, со проектни активности и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување.
При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, моќ, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.
Сите видови настава (задолжителна, изборна, слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава, проектни активности и слободни часови). Теоретската настава се реализира според постојните наставни планови и програми во гимназиското (реформирано) и според програмата во средното четиригодишно стручно образование.
Секој предметен наставник изработува глобални, тематски и оперативни (дневни) планирања. Во глобалните и тематските планирања, освен задолжителните содржи кои се предвидени според наставната програма по даден предмет, се интегрираат и содржини за реализација на проширени програми од проектот Еколошка едукација во македонскиот образовен систем, кои понатаму секој наставник и класен раководител точките на акција ги разработува во тематските и дневните планирања. Исто така секој наставник согласно меѓуетничката интеграција планира по два заеднички часа.
Класните раководители за реализирање на класните часови изработуваат годишни и тематски планирања според програмата
Образование за животни вештини. Врз основа на подготвените планирања, успешно се реализира воспитнообразовниот процес во училиштето, така што учениците имаат можност успешно и навреме да ги совладаат наставните содржини.
Во наставните програми во стручното образование е предвидено користење информатички и комуникациски технологии (ИКТ).
Модуларно дизајнираните наставни програми кои се изразени преку модуларни единици, базирани на резултати од учење и критериуми за оценување на учениците, овозможуваат поголема флексибилност во планирањето,организацијата и реализацијата на воспитно –

образовниот процес, подобро искористување на ресурсите, можности за индивидуален пристап во наставата .

Дуалното образование подразбира реализација на практична работа во реномирани компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.
Компаниите кои се вклучени во програмата за дуално образование им овозможуваат на учениците реализација на практична настава со обучени ментори во реални услови, а во соработка со наставниците по практична настава. Учениците стекнуваат и усовршуваат практични вештини со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на труд или отварање на сопствен бизнис и продолжување на образованието. Овој концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање стипендија од МОН.
Во учебната 2022/2023 година во нашето училиште учениците за прв пат имаа можност да изберат дуален систем на образование, а потпишан меморандум за соработка со:
Ј.У. Зоолошка Градина
ДПУ ВЕТ ТИМ ДООЕЛ
В.А Анимал Рисорс Нетворк
ЈО-КА ВЕТ ДОО
ДППУ ФОЈА КО ДООЕЛ
ТД ФЛОРА0КОМПАНИ
ИЗ КИТКА

### 1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

Целите на наставните планови и програми кои треба да се остварат, треба да ги знаат и учениците и родителите, па поради тоа училиштето применува повеќе начини за информирање на родителите и учениците за истите. На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година, а родителите преку брошура, на родителските средби и преку советот на родители се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат. Наставните планови и програми се достапни на сајтовите на БРО и ЦСОО како и на веб страната на училиштето. Исто така училиштето изготвува и брошури.

### 1.1.3 Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби

Во училиштето има вработено специјален едукатор и рехабилитатор. Се зајакнуваат капацитетите на училиштето преку обуки на наставниците, советодавна работа со учениците за прифаќање на учениците кои се различни од нив (надминување на стереотипите и предрасудите) со цел остварување позитивна клима и атмосфера во училиштето. Училиштето води грижа за идентификување, регистрација и следење на ученици со посебни потреби, изработка на индивидуален образовен план според видот на попреченоста и нивото на претходно постигнување, прилагодена наставна програма и поддршка на наставниците за работа со оваа категорија ученици. Притоа воспоставува соработка со родителите која игра голема улога во постигувањето на зацртаните цели со учениците со посебни образовни потреби. За учениците се изработуваат индивидуални образовни планови согласно можностите и спосособностите на секој ученик како индивидуа. Се применува универзалниот наставен концепт, односно на учениците им се

овозможуваат повеќе начини на претставување на наставните содржини, повеќе начини на покажување на знаењето стекнато во училиште и повеќе начини за мотивирање и активно вклучување во процесот на учење.  За надарените ученици и заинтересираните ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настава.

### 1.1.4 Избор на наставни предмети

Изборните предмети се застапени во гимназиското и стручното образование. Во гимназиското образование учениците од прва за втора година од предложените шест предмети избираат еден предмет, а во стручното образование во втора година за трета одбираат два изборни предмети од понудените листи. Во Концепцијата за модернизација на техничкото образование (2016) се наведува дека изборните модули им се нудат на учениците со цел да обезбедат елемент на изборност во образовната програма и се дизајнирани така за да бидат комплементарни со задолжителните модули. Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле.

Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.

### 1.1.5 Планирање на активности за реализација начасови програмирани од училиштето/проектни активности во училиште

Во училиштето се реализират и проектни активности во гимназиско образование и слободни часови и содржини програмирани од училиштето во стручното образование. Програмите се дадени од повеќе области и следејќи ги личните интереси и афинитети, учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост го почитува.
Во нашето училиште се реализираат следниве содржини програми од училиштето:

- Зачински, ароматични и лековити растенија
- Одгледување на магаре и искористување на магарешко млеко
- Аквапоника
- Пустински и тропски декоративни растенија.

Училиштето обезбедува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во слободните часови/проектни активности.

### 1.1.6 Реализација  на проширени програми

Училиште реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Интегрирање на еколош
ки содржини од еколошката програма во Годишната програма за работа на училиштето.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

#### 1.2.1 Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала

Училиштето организира работилници за мултикултура кои имаат за цел да ги вклучат учениците од различна етничка припадност во реализација на заеднички активности. Од голема важност за оваа компонента е имплементацијата на проектот Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Во училиштето се реализираат проекти кои ја поттикнуваат меѓуетничката интеграција во образованието - Заеднички наставни и воннаставни ученички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата кои се реализираат самостојно во училиште или во партнерство со друго училиште. Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите. Родово-инклузивен курикулум незначи само постигнување на родова рамноправност во училиштата туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини. На часот на паралелката се реализираат програми предвидени со програмата за животни вештини. Наставните планови и програми и програмите за часот на паралелката го помагаат личниот и општествениот развој на нашите ученици (машки и женски) и тоа во меѓусебната соработка, градење на самодовербата и разрешувањето на конфликтите, грижа за здравјето, интерперсоналните односи, личниот развој и сл. Најмногу треба да се работи на подигање на свеста кај учениците дека не постојат "машки" и "женски" професии и етничка и социјална одвоеност да се афирмираат и поттикнат да ја бараат својата идна професија според личните способности, а не според припадноста на полот и етничката припадност. Во училиштето успешно се реализираат часови од областа на меѓуетничката интеграција на младите. Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор. Образованието на наставниот кадар е клучно во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел, наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојано лично и професионално усовршување. Училиштето организира едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усоврушува .

#### 1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала

Со цел на подобрување на квалитетот на наставата, во училиштето се интегрираат наставните планови и програми со карактеристиките и потребите на локалната средина преку постојана директна соработка, советот на родители, дописи, преку воннаставните активности: културни манифестации, посети, претстави, акции, спортски натпревари, проекти и сл. и со тоа ја подобруваат реализацијата на наставните планови и програми.

Учениците од стручното образование, земјоделско-ветеринарна струка од прва, втора и трета година во текот на учебната година реализираат професионална практика која се спроведува според наставниот план и програма во траење од 10 работни денови. На тој

начин се овозможува соработка со локалната заедница. Таа има за цел учениците да се стекнат со применливи знаења и да бидат оспособени за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил. Училиштето го  користи се она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.

### 1.2.3 Интегрирање меѓупредметните цели на образованието

Општите, меѓупредметни цели-градење на сестрана, самоуверена, одговорна, толерантна личност која се грижи за своето мултикултурно општество и животната средина е цел на сите предмети во рамките на НПП. За таа цел се одржуваат работилници на класните часови, акции за еко-свест, меѓупредметна корелација на одредена општо прифатена цел во рамките на наставните планови и програми, во планот и програмата за работа на класните часови планирани  се содржини од обласа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.

### 1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

Постои програма за соработка со родители, но според спроведените анкети постои мислење дека родителите, наставниците и учениците во многу мал процент влијаат врз измени и дополнувања на наставните планови и програми.   Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците. Наставниците имаат најголема можност да влијаат врз начинот на реализациојата на наставните планови и програми, бидејќи од нивната креативност, интерес, желба и залагање како и максимално користење на ресурсите во училиштетои во локалната средина зависи успешната реализација на програмите. Учениците можат да влијаат врз начинот на реалзиацијата на наставните планови и програми преку нивната активност, заинтересираност и мотивираност. Родителите можат да влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители, родителски средби, со свои предлози, донации.

## 1.3 Воннаставни активности

### 1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Училиштето реализира повеќе воннаставни активности, натпревари, екскурзии, грижа за здравјето, општествено-корисна работа. Достапно им е на машките и на женските ученици подеднакво, на учениците со посебни образовни потреби, без разлика на социјалната или етничка припадност. Придобивка од овие активности претставува тоа што учениците се мотивираат, доаѓа до израз нивната креативност, се развива натпреварувачкиот дух.

Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност, треба да се развива и формира свеста кај учениците, за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание ќе се посвети на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простори и училишниот двор. Училиштето има посебна задача во воспитувањето на младите за рамноправни и хумани односи меѓу половите.
Теоретската настава се изведуваше во училници и кабинети, а практичната обука и учење преку работа кај работодавач (за учениците од стручното образование) се изведуваше во ЗОО паркот, училишната економија, лабораториите во училиштето или други соодветни институции со кои училиштето има склучено договор. Континуирано во училиштето се реализираше и редовна, дополнителна, додатна, консултативна и подготвителна настава.
За ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности. За секоја секција одговорните наставници изработуваат програма за работа. Програмите за работа имаат ориентационен карактер со што се овозможува учениците самостојно да ги избираат содржините и да ја организираат и изведуваат активноста. Во училиштето работат следните слободни активности литературна; драмска и рецитаторска; еколошка; ликовна; музичка; секција за спорт; кактусарница; Инклузивниот хор на училиштето.
За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и и учество на учениците на натпревари.
Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за Државна матура, училишна матура и завршен испит.
За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник задолжително треба да направи распоред за изведување на дополнителна настава и распределение за содржините и навреме да ги запознае.
Факултативна настава по наставниот план се реализира со учениците од четврта година од земјоделско – ветеринарната струка во сите профили .

Консултативна настава се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен испит на годината. Консултативната настава се изведува и со учениците од завршните години со менторите за полагање на државна и училишна матура и завршен испит. Истата се изведува во училиштето редовно по договот со учениците како во однос на времето за нејзина реализација, така и според потребите на ученикот кои самиот ќе ги нагласи. Оваа настава се реализира на високо ниво.
 Феријалната практика се реализира за учениците од земјоделско – ветеринарната струка. Се изведува според наставен план и програма по завршување на школската година во текот на летниот период. Преку феријалната практика на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката и да се запознаат со задачите од делокругот на образовниот профил. Дел од феријалната практика се

реализира во училиштето, а дел во фирми по склучен договор меѓу училиштето, родител-ученик и фирма.
Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците во училишната економија на училиштето и компании. Истата е задолжителна.

Учениците од стручно образование кои наставата ја следат по реформирано четиригодишно техничко образование во наставниот план имаат наставен предмет ,,Учење преку работа кај работодавач''. Учење преку работа треба да се разбере како процес кој треба во иднина да се одржува и да се надградува, со цел да се излезе во пресрет на образовните потреби на младите, нивниот професионален и кариерен развој вклучувајќи самовработување и претприемништво. Учењето преку работа им дава можност на учениците да стекнаат соодветно иксуство преку извршување на работни задачи кај работодавач. За таа цел нашето училиште склучи меморандум за соработка со Трговски Друштва.

Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се проширувaат општите и стручните знаења на учениците. Се планираат еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно–историските знаменитости на Република Македонија и земјите од Европа. Се организираат и стручни екскурзии.

Во училиштето постојат ученичка заедница на паралелката и ученичка заедница на училиштето. Заедниците на учениците се значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати.
Целта на општествено-корисната работа е вклучување во општествениот живот развивање на љубов и позитивен однос кон работата, одговорност и почит кон работниот човек, кон основните работни навики умеење и вештини, правилно да се сфати улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.
Педагошко–психолошко-дефектолошката служба изготвува програма за работа за деца со посебни потреби. Целта е индивидуален пристап и прилагодување на наставата кон потребите на учениците, препознавање на учениците и видот на попреченост, изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни потреби и подобрување на социјалниот и емоцијалниот статус на учениците.

### 1.3.2. Опфат на учениците со воннаставните акривности

Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивната етничка и верска припадност , нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите , мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето.
Во воннаставните активности исто така се вклучуваат и учениците од семејства со низок

социо-економски статус и од различни етнички заедници. Нашето училиште ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари.

### 1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности

- Изработка на извештаи за сите квалификациони периоди и водење на уредна педагошка евиденција

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Недоволна мотивираност кај учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех
- Недоволна присутност на родителите во животот и работата на училиштето

**ПРЕДИЗВИЦИ**

- Поттикнување на присуство на додатна и дополнителна настава.
- Подобрување на редовноста во наставата преку мотивација на редовните ученици во наставниот процес
- Вклучување на родителите со цел подобрувањето на постигнувањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Тим за самоевалуација на подрачје 3: Учење и настава

1. Ханифе Адили- лидер на тимот
2. Елена Ташева-член

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

3.1. Планирање на наставниците

3.2. Наставен процес

3.3. Искуства на учениците од учењето

3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата

3.5. Оценување како дел од наставата

3.6 .Известување за напредокот на учениците

**Индикаторите ги опфаќаат следниве теми:**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирања на наставниците | 1 Индивидуални планирања на наставнивите<br>2 Интегрирано планирање на содржини од еко-стандардите<br>3 Интегрирано планирање на содржини од Кариерно советување<br>4 Интегрирано планирање со содржини од проектот Меѓуетничка интеграција<br>5 Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>6 Размена на искуства и информации при планирањето<br>7 Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставниформи и методи<br>• Избор на задачи,активности и ресурси |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приоднанаставникотконученици те<br>• Следењенанаставниотпроцес |
| **3.3** | Искуства на учениците од учење | 3. Средина за учење<br>4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците од наставата | • Препознавање на образовните потреби на учениците |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Методи и формизаоценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| ***Извори на податоци*** | ***Добиени информации*** |
|---|---|
| **3.1. Планирање на наставниците**<br>- Разговор со директор, педагог, психолог, наставници;<br>- Записници од состаноците на стручните активи;<br>- Покани за обуки и семинари<br>- Извештаи од реализирани обуки<br>- Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>- Годишни, тематски планирања и дневна подготовка; | За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат: годишен глобален план, тематски планирања за секоја тема; дневна подготовка; програми за дополнителна и додатна настава; планирање на практична настава на стручните активи.Планирањата на наставниците содржат: цели на учењето; активности на часовите-интерактивни форми и методи; очекувани резултати; избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа; проверка на постигањата на учениците, констатации/евалуација на реализиран час; дел од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ги реализираат со примена на ИКТ во наставата. Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и Кариерно советување. Избраните еко – содржини и содржини од Кариерното советување се |

| | |
|---|---|
| | поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање и т.н. Ова планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО.Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа: годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во дигитална и печатена форма; дневни планирања за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат; увид во дневници;посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови (цели на часот, активности, примена на интерактифни форми и методи, очекувани исходи од учењето, проверка на постигањата на учениците, констатации/евалуација на реализиран час); консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата; воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагог и психолог; |

| ***Извори на податоци*** | ***Добиени информации*** |
|---|---|
| ***3.2. Наставен процес***<br>- Наставниформи и метод<br>- Изборназадачи, активности и ресурси<br>- Интеракцијамеѓунаставниците и учениците | Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата, а тукаспаѓа: индивидуалната работа,работа во групи, кооперативно учење, истражување, powerpointпрезентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти. Сите наставници применуваат ИКТ во наставата. Наставниците применуваат и |

| | |
|---|---|
| - Приодот на наставникот кон учениците<br>- Следење на наставниот процес | наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик, а тоа се додатната, дополнителната и консултативната настава. Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници,стручна литература, интернет (webстраната на БРО и други web страни поврзани со образованието), училишна библиотека,слики,нагледни средства,материјали и алати за практична настава за учениците од стручното образование. Наставниците го планираат изборот на задачи и активности и исите се во соогласност со предвидените цели во наставата.Исто така задаваат домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите. Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со:увид во годишните планирања на наставата, тематските и дневните подготовки;посета на часови (секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба);листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник);соработка на наставниците со учениците и родителите. Наодите од следењето на наставниците се употребуваат за подобрување на наставниот процес преку:стручна и методска помош во реализација на наставата (педагог, психолог, ментор, стручен актив);отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив, консултации и сугестии за подобрување на наставата. Активна примена има и проектот Меѓуетничка интеграција при што наставниците изведуваа заеднички часови (македонци-албанци)по различни предмети. |

| *Извори на податоци* | *Добиени информации* |
|---|---|
| ***3.3 . Искуства на учениците од учењето***<br><br>-Средина за учење<br>- Поттикнување на учениците за преземањео дговорност<br>- Интеракција на учениците | Во училиштето се поставени проекти, пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето низ годините. На училишно пано има слики, цртежи, експонати изработени од учениците за време на часовите. Воедно има и инфо пано за проектот час по приватност. Исто така има и изложби од цветни аранжмани од учениците од насоката техничар за хортикултура. Во училиштето активно функционира и Кариерниот центар и за сите активности спроведени во КЦ, учениците изработуваат вести кои се објавуваат на Фејсбук страната на училиштето. Вестите се на албански и македонски јазик. Учениците учествуваат на регионални и државни натпревари, спортски натпревари. Исто така го промовираатучилиштето на отворените денови организирани за учениците од основните училишта. Учениците од стручниот дел учествуваат и на Агрофуд – саем за земјоделство заедно со нивните наставници – ментори, а и на Саемот за книга којшто го посетуваат секоја година.Воедно училиштето соработува и со невладини организации (ХЕРА, Европски волонтерски сервис, Младите можат) при што се организираат едукативни работилници во текот на годината. |

| *Извори на податоци* | *Добиени информации* |
|---|---|
| ***3.4. Задоволување на потрбите на учениците од наставата***<br>- Препознавање на образовните потреби на учениците | Наставниците ги реализираатцелитепредвиденивонаставнитепрограмии планирањата. Наставниците користат најразлични методи и техници за да се даде можност на учениците да го изразат своето знаење максимално. Преку реализирање на дополнителна, додатна и консултативна настава, а воедно и преку Кариерно советување се согледуваат и надградуваат потребите на учениците. Наставниците во согласност со потребите на предметот одржуваат и настава во Завод за хидрометеорологија, го посетуваат Скопското астрономско друштво, ветеринарните амбуланти со коишто соработува училиштето и сл. |

***Оценувањето како дел од наставата***

| *Извори на податоци* | *Добиени информации* |
|---|---|
| ***3.5. Оценувањето како дел од наставата***<br>- Методи и форми на оценување<br>-Користење на информациите од оценувањето во наставата | Училиштето ги употребува сите законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година и за време на наставниот процес. Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех. Наставниците се насочуваат кон усогласување на критериумите за оценувањето почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО. Наставниците користат различни форми и методи за оценување образложени во нивната дневна подготовка од типот на: усниодговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи(со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот. |

***Известување за напредокот на учениците***

| *Извори на податоци* | *Добиени информации* |
|---|---|
| ***3.6. Известување за напредокот на учениците***<br><br>-Распоред на приемни денови/часови за сите наставници<br><br>-Увид во педагошка евиденција и документација<br><br>-Евиденција на наставниците за остварени средби со родители<br><br>- Записници од родителски средби | Најнапред преку конкретна повратна иформација за оценката на ученикот се информираат родителите за напредокот на нивните деца. Родителите се информираат на родителските средби, приемните денови и во договор со наставниците на нивните приемни часови. Наставниците даваат препораки за учениците за подобро совладување на материјалот, а и за подготовка за натпревари и проекти. Во текот на годината редовно се одржуваат родителски средби, а на истите преку евидентни листови се информираат родителите за успехот и поведението на учениците. Родителите можат да се информираат за успехот и редовноста и преку електронскиот дневник. Педагошко – психолошката служба исто така информира за состојбата на ученикот во училиштето. |

| | |
|---|---|
| -Записници од состаноци на родителите претставници на родителските одбори/совети<br><br>-Електронски дневник | |

**Истражување на тема *Учење и настава***

**Предмет и цели на истражувањето**

Предмет на ова истражување е да се разгледа квалитетот на наставата, мотивираноста која ја поседува ученикот за да напредува, квалитетот на знаењата кои ги постигнува и начинот на оценување реализиран за време на наставниот процес. Целта на истражувањето е да се увиди мислењето на учениците, родителите и професорите за квалитетот на наставата, квалитетот на знаењата на учениците, постигањата, успехот и ангажираноста на професорите за подобрување на наставата.

**Методолошки приод**

Сегашното истражување ќе се состои од анкета спроведена кај учениците, родителите и професорите. Ќе се анкетираат ученици, професори и родители по случаен избор. Анкетата се состои од прашања од затворен тип со три понудени одговори:

1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

Предноста на овие прашања е во јасно определните одговори за директна споредба меѓу испитаниците.

**Анализа на податоци**

При анкетирање се анкетираа 100 ученици од планирани 100, 100 професори од планирани 100 и 100 родители од планирани 100. Анализата на податоци ќе содржи анализа на прашалникот за ученици, родители и професори.

**Прашалник за ученици**

Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала:

1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

| Исказ-професори/Учење и настава | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Се согласувам |
|---|---|---|---|
| 1. Училишните знаења ми помагаат во секојдневни ситуации | 13,51 | 64,86 | 21,62 |
| 2. Училишните знаења ми помагаат во самостојноста и иницијативноста во поглед на нови ситуации | 18,92 | 55,41 | 25,68 |
| 3. Учествувам во изработка на програмите заедно со наставникот | 16,22 | 43,24 | 40,54 |
| 4. Часовите по додатна/дополнителна настава го помагаат/усовршуваат моето знаење | 14,86 | 28,38 | 58,76 |
| 5. Училишните знаења се доволни за ученикот да може веднаш да почне со некоја работа | 41,89 | 44,50 | 13,51 |
| 6. Потполно сум информиран за начинот на оценувањето на наставникот | 27,03 | 45,95 | 27,03 |
| 7. Наставникот ме поттикнува да учествувам на проекти, работилници и натпревари | 18,92 | 18,92 | 62,16 |
| 8. Ја знам користа од учеството на проекти, работилници и натпревари | 34,49 | 29,73 | 33,78 |
| 9. Прифаќам различно мислење од сопственото | 20,27 | 31,08 | 48,65 |
| 10. Предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето | 20,27 | 31,08 | 48,65 |

**Подрачје: Учење и настава**

**Прашалник за наставниците**

Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала
1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

| Исказ-наставници/Учење и настава | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Се согласувам |
|---|---|---|---|
| 1. Членовите на стручната служба соработуваат при изработка на планирањата (годишни, тематски, дневни) | 0 | 18,52 | 81,48 |
| 2. Моите планирања предвидуваат различен облик на работа во функција на ефикасно стекнување на знаењето и развојот на способностите кај учениците | 0 | 59,26 | 40,74 |
| 3. Моите подготовки за реализација на часот имаат јасни структури | 0 | 64,81 | 35,19 |
| 4. Ги активирам учениците заради употреба на нивните предзнаења | 18,52 | 66,67 | 14,81 |
| 5. Планирам и смислувам вежби, нагледни средства и различни методи на работа | 0 | 16,67 | 83,33 |
| 6. Ги охрабрувам и поттикнувам учениците на изнаоѓање креативни решенија за одреден проблем | 0 | 3,70 | 96,30 |
| 7. Ги охрабрувам учениците да користат дополнителна литература и интернет при истражување | 0 | 37,04 | 69,96 |
| 8. Ги поттикнувам учениците објективно да го проценат своето знаење | 0 | 31,48 | 68,52 |
| 9. Оценувањето го спроведувам според пропишаните правила за оценување на учениците | 0 | 42,59 | 57,74 |
| 10. Им помагам на учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на материјалот | 0 | 25 | 75 |

**Подрачје: Учење и настава**

**Прашалник за родители**

Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала:

1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

| Исказ-родители/Учење и настава | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Се согласувам |
|---|---|---|---|
| 1. Знаењето стекнато во училиште му помага на моето дете во професионалниот и приватниот живот | 11,11 | 44,44 | 44,44 |
| 2. Училишните знаења му помагаат на моето дете во осоамостојувањето и иницијативноста | 19,44 | 36,11 | 44,44 |
| 3. Моето дете ги користи своите знаења стекнати на училиште во секојдневни животни ситуации | 5,56 | 41,67 | 52,78 |
| 4. Постојано сум информиран за напредокот на моето дете на училиште | 19,44 | 52,78 | 27,78 |
| 5.Знењата стекнати на училиште му помагаат на моето дете да одговори на прашањата на наставникот | 8,33 | 58,33 | 33,33 |
| 6. Наставниците го охрабруваат моето дете да се вклучи во воннаставни активности | 19,44 | 47,22 | 33,33 |
| 7.Воннаставните активности му помагаат на моето дете во секојдневни животни ситуации | 38,89 | 55,56 | 5,56 |
| 8. Наставниците го вклучуваат моето дете во дополнителна/додатна настава | 25 | 36,1138,89 | |
| 9. Моето дете учествува на натпревари | 19,44 | 19,44 | 61,11 |

**Анализа на податоци**

- Прашалник за ученици

Најголем дел од учениците, дури 62%, сметаат дека училишните знаења делумно им помагаат во секојдневните ситуации. Исто така 60% од учениците сметаат дека училишните знаења делумно им помагаат во иницијативноста и самостојноста. Помалку од половина сметаат дека учествуваат во изработка на програмите заедно со наставниците. 55% од учениците целосно се согласуваат дека дополнителната и додатната настава им го усовршува знаењето. Учениците не сметаат дека училишните знења се доволни за да може ученикот веднаш да почне со работа. Околу 35% од учениците сметаат дека не се доволно информирани за начинот на оценување на учениците. 40% од учениците не се согласуваат со тврдењето дека наставникот ги поттикнува да учествуваат на проекти, работилници и натпревари. 60% од учениците целосно се согласуваат дека се запознаени со ползата од учество во проекти, работилници и натпревари. Скоро половина од учениците (51%) од учениците сметаат дека прифаќаат различно мислење од другите. 46% од учениците делумно се согласуваат дека предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето.

- Прашалник за професори

82% од наставниците целосно се согласуваат дека членовите на стручната служба соработуваат при изработка на планирањата (годишни, тематски, дневни). 59% од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето дека нивните планирања се мошне ефикасни за стекнувања на знаења и развој кај учениците. Делумно се согласуваат со тврдењето дека нивните подготовки имаат јасна структура. 70% од наставниците ги активираат учениците заради проверка на нивните предзнаења. Дури 85% сметаат дека смислуваат вежби и активности за време на часот. 96% од наставниците сметаат дека ги поттикнуваат учениците на креативност. Повеќе од половина сметаат дека ги охрабруваат учениците за користење на дополнителна литература и интернет. 70% од наставниците целосно се согласиле дека ги поттикнуваат учениците на објективност. 60% од наставниците целосно се согласиле дека го спроведуваат оценувањето според пропишаните правила. 75% од наставниците целосно се согласуваат дека им помагаат на учениците со потешкотии.

- Прашалник за родители

Помалку од половина од родителите (46%) сметаат дека училишното знаења им помага на нивните деца во приватниот и професионалниот живот и дека им помага во осамостојувањето и иницијативноста. 55 % од родителите сметаат дека

учениците ги употребуваат училишните знаења во приватниот живот. 58% од родителите делумно се согласуваат со тврдењето дека се информирани за напредокот на нивните деца. 60% од родителите делумно се согласуваат дека знаењата на децата им помагаат да одговорат на задачите во училиште. Околу 45% од родителите делумно се согласуваат со тоа дека наставниците ги поттикнуваат децата да се вклучат во воннаставни активности. Само 7% од родителите целосно се согласуваат дека воннаставните активности им помагаат на децата во секојдневни животни ситуации. Само 36% од родителите сметаат дека наставниците ги вклучуваат децата во воннаставни активности. 59% од родителите сметаат дека нивните деца учествуваат на натпревари.

**Резиме и заклучоци од подрачјето учење и настава**

При спроверување на самоевалуацијата за *Подрачје 3Учење и настава*, се спроведе анкета чиишто учесници беа учениците од СУГС Браќа Миладиновци, професорите вработени во истото училиште како и родителите на учениците од истото училиште. Анкетата се базираше на веќе споменатите индикатори (види во воведен дел). Од спроведената анкета кај учениците може да се заклучи дека наставниците не ги информираат учениците доволно околу процесот на оценување. Исто така учениците сметаат дека наставниците не ги поттикнуваат учениците на учество во работилници, проекти и на натпревари, а сепак тие се свесни за користа од истите како на приватно така и на професионално ниво. Освен тоа, учениците се свесни за влијанието на предрасудите во односите и наставниците се оние коишто треба да поработат на тоа поле, бидејќи само 25% се целосно согласни со споменатото тврдење. Од спроведената анкета кај наставниците може да се заклучи дека наставниците ги имаат поребните подготовки за работа (годишни, тематски планирања), но треба повеќе да се работи на изработката на индивидуалните планирања и нивно спроведување на час. Само половина се согласуваат дека правилно оценуваат што значи дека повеќе од пожелно е да се повторат обуките за оценување. Од спроведената анкета кај родителите може да се заклучи дека треба да се информираат и запознаат со типот на воннаставни активност кои се одвиваат во училиштето и која е предноста од учеството во истите. Треба да се поттикнат наставниците на што поголемо вклучување на учениците во воннаставни активности. Исто така само половина сметаат дека се информирани за успехот на учениците во училиште што значи дека треба навремено да се известува за родителските средби и приемните денови.

**Клучни јаки страни**

- Од извршената евалуација може да се заклучи дека дополнителната и додатната настава им помага на учениците во усвршување на нивните знаења.
- Исто така сметаат дека училишните знаења им помагаат во иницијативноста и самостојноста.
- Потоа, повеќе од две третини од наставниците сметаат дека ги поттикнуваат учениците на креативност и објектвност.
- Исто така голем број од наставниците имаат солидни годишни и тематски планирања.
- Понатаму, родителите се согласуваат дека училишните знаења им помагаат на учениците во приватниот живот.

**Слаби страни**

- Учениците не се запознаени со оценувањето
- Недоволно охрабрување за учество на напревари, работилници и проекти. Недоволна работа и ангажираност на наставникот за сузбување на предрасудите кои им влијаат на учениците.
- Недоволно учество во проекти, работилници и натпрвари.
- Недоволна инволвираност и информираност на родителите за целта и користа од воннаставните активности.

**Идни активности**

- Појаснување на начинот и методите на оценување на учениците од страна на професорите.

- Поголема мотивираност кај наставниците за вклучување на учениците во воннаставни активности, проекти, работилници, дебати, обуки и натпревари.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Тим за самоевалуација на подрачје 4: Поддршка на учениците

1. Никола Николоски- лидер на тимот

За подрачјето на вреднување 4: Поддршк на учениците, индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **4.1.** | Севкупна грижа за учениците | ▪ Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>▪ Превенција од насилство<br>▪ Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>▪ Квалитет на достапна храна<br>▪ Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>▪ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2.** | Здравје | ▪ Хигиена и заштита од болести<br>▪ Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3.** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | ▪ Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование, доусовршување или вработување<br>▪ Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4.** | Следење на напредокот | ▪ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>▪ Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда,училишниот двор и училишната економија и тие се реализираат според предвидениот план. При реализација на наставните содржини и практичната настава учениците користат заштитна опрема(мантил,ракавици,маска,чизми и друга ХТЗ опрема која е потребана во моментот на изведување на практичната настава) за која предходно од страна на наставниците се едуцирани и обучени како правилно да ги користат и заштитната опрема и сретствата за работа, како би се заштитиле и избегнале несакани повреди.

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, но не изведува симулации. Училиштето учествува во хуманитарни акции,организира и

соработува со хуманитарни организации.Во училиштето најмалку еднаш годишно се одржува крводарителска акција во која учество земаат вработените и учениците од училиштето.

Училиштето има програми и протокол и пишани документи во кој се дефинираат сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, како и сексуалното вознемирување на учениците. Програмите и протоколите се применуваат и реализираат. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство од страна на возрасните и учениците, и се применуваат механизми за постапување со различните облици на насилство. Документот е достапен за наставниците,учениците и родителите. Вработените во училиштето ја знаат својата улога и одговорностите во процесот на заштита на детето, потребите и грижите на децата и им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги кординира со институциите во локалната заедница. Училиштето е вклучено и во проектот: „За безбеден град“ во соработка со МВР и Град Скопје. Во училиштето се одржуваат обуки и семинари за превенција и спречување на насилство (во училиштето беше организирана интерна обука „Семејно насилство“ на 2-3.05.2023)

Училиштето има политика за забрана за пушење,консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични средства што подразбира дека во училишната зграда и училишниот двор не се пуши освен на обележани места каде што треба да се поставаат канти за отпушоци , не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во соработка и кординација со локалната заедница, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанции во кругот на училиштето.

Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците, но нема процедури за проверка на квалитетот, не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците во непосредната околина. Преку наставниот процес учениците се едуцираат да знаат да препознаат која е здрава и безбедна храна, и истото практично се применува преку одгледување на здрава и органска храна во училиштето во кои учествуваат и самите ученици.

Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост-училиштето има пропишани процедури за учениците со пречки во развојот /физичка попреченост .Училиштето соработува: со родителите, со ресурсните центри и други релевантни институции и организации во обезбедување грижа за учениците со пречки во развојот , и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за овие ученици.

Грижа за учениците од социјално загрозени семејства-учениците од социјално загрозените семејства имаат право на условен паричен надоместок чија програма ја спроведуваат Мнистерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука и Министерството на финансии кое ги обезбедува сретствата.

## Резултати кои се однесуваат на учениците

Во истражувањето кое се однесува на учениците учествуваа 67 ученици од сите години на школување, како на македонски така и на албански јазик. Прашалникот има 16 тврдења од кои 15 од затворен тип и едно од отворен тип.







Најголемиот дел од учениците сметаат дека училиштето е безбедно за извршување на наставата.

Во поглед на санкционирањето на насилството поголем е бројот на ученици кои не се согласуваат со наведеното тврдење и оние кои изразиле одредена скептичност со врска со санкционирањето на истото.







Најголем дел од учениците сметаат дека во училиштето се прифатени учениците со попреченост и дека постојат услови за нивно вклопување во воспитно-образовниот процес.
Најголем дел од учениците се целосно согласни дека во училиштето има изричита забрана за употреба на алкохол, дрога и цигари.




Иако е најголем процентот на ученици кои се задоволни од хигиената во училиштето, сепак не е занемарлив делот на ученици кои или не се или делумно се задоволни од хигиената во училиштето.




Дури 70% од испитаниците посочиле дека имаат можност во училиштето да се информираат за натамошниот кариерен развој, поконкретно за продолжување на своето образование.
Најголемиот дел од учениците посочиле дека во училиштето можат да разговараат за своите емоционални потешкотии.

Повеќето од учениците сметаат дека во ред е евиденцијата за постигнувањата,редовноста и поведението на учениците.




Би можело да се забележи одредена поделеност кај учениците кога е во прашање односот наставник-ученик. Околу половина од учениците сметаат дека наведениот однос е коректен. Останатиот дел или не се согласуваат или делумно се согласуваат со ова тврдење.




Најголемиот дел од учениците сметаат дека во училиштето се информираат за опасностите од алкохолот, дрогата и пушењето.




Во поглед на информираноста на учениците за правилниот начина на исхрана малку повеќе од половината од учениците сметаат дека или недостасуваат вакви информации или истите се некомплетни и со одредени недостатоци.




Најголем дел од учениците рекле дека добиваат совети за тоа како треба да се однесуваат во училиштето и надвор од него.

Најголем дел од учениците тврдат дека учениците со ПОП имаат поддршка за нивниот индивидуален развој и вклучувањето во училишната средина.






Најголем дел од учениците сметаат дека во училиштето добиваат совети како да се справуваат со конфликтни ситуации.




Една третина од учениците посочиле дека  виделе дека нивни соученици носат ладно оружје, а 13% не се многу сигурни во тоа. Малку повеќе од половината од учениците тврдат дека не забележале дека нивните соученици носат ладно оружје.

Она што учениците најмногу ги вознемирува и плаши во училиштето е резимирано во следните точки:

- тепачки меѓу учениците;
- тепачки, заканување;
- присутво на ученици од друга етничка припадност;
- дилање дрога;
- наведен е конкретен соученик како извор на страв и вознемиреност;
- пушење на цигари;

- не вреднување на училишниот успех;
- навредувањето на послабите ученици од страна на посилните;
- ученици кои се однесуваат надмено;
- ученици кои носат ножеви;
- насилството и непреземањето мерки во врска со истото;
- односот помеѓу професорите и учениците;
- дискриминација и насилство;
- лошата хигиената во училиштето;
- протекции при оценувањето.

**Резултати кои се однесуваат на родителите**

Во истражувањето кое се однесуваше на родителите беа вклучени 35 родитала. Прашалникот се состои од 10 прашања од затворен тип и едно од отворен тип.




Најголем дел од родителите се согласуваат дека училишниот простор е безбеден за изведување настава.




Најголем дел од родителите се согласуваат дека во училиштето се санкционира насилството, но речиси едена третина од родителите или не се согласуваат целосно со ова тврдење или воопшто не се согласуваат.




Најголем дел од родителите се согласуваат дека во училиштето е „отворено“ за децата со посебни потреби.




Најголем дел од родителите сметаат дека во училиштето е забранета употреба на дрога и алкохол и не се пуши во училишниот простор.




Најголем дел од родителите сметаат дека хигиената на училиштето е на високо ниво.




Најголем дел од родителите сметаат учениците се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование.




Дури 91% до родителите сматаат дека учиениците во училиштето имаат можност да побараат помош за емоционалните проблеми.




Најголем дел до родителите посочиле дека се води целосна евеиденција за постигнувањата, предовноста и поведението на учениците.




Околу 47% од родителите посочиле дека нивните деца им кажале дека во училиштето некои ученици носат ладно оружје.

Она што најмногу ги вознемирува и плаши кога е во прашање училиштето е сумирано во следниве точки:

- булингот и стресот во училиштето;
- опасноста од насилство со употреба на ладно оружје;
- дрога

**Резултати кои се однесуваат на наставниците**

Во истражувањето кое се однесува на наставниците беа офатени 30 испитаници. Ним им беше зададен прашалник со 15 тврдења, од кои 14 беа од затворен тип и едно од отворен тип.




Наставниците воглавно се согласуваат дека училишниот простор е безбеден за изведување на настава.




Поголемиот дел... 




Воглавно учениците се согласуваат дека училиштето е соодветно за инклузија на учениците со попреченост.




Најголем дел од наставниците сметаат дека во училиштето е забранета употреба на дрога, алкохол и цигари, а една третина не го делат истото мислење.




Процентот на наставници кои се делумно или целосно незадоволни од хигиената во училиштето е поголем од оние кои се задоволни од хигиената во училиштето.




Најголем дел од наставниците посочиле дека улениците имаат можност да се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование.




Во најголема мера наставниците сметаат дека ако ученикот има емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побара помош во училиштето.




Најголем дел од професорите сметаат дека во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците.




Најголем дел од наставниците се согласуваат дека односот со учениците е коректен, а 40% или делумно се согласуваат со ова тврдење (37%) или не се согласуваат(3%).




Наставниците ги информираат учениците за за опасностите од алкохолот, дрогата и пушењето.



Воглавно наставниците ги информирам учениците за правилниот начин на исхрана.




Најголемиот дел од наставниците изјавиле дека ги советуваат учениците за тоа како треба да се однесуваат во училиштето и надвор од него.



Наставниците ги советуваат учениците за тоа како да се справат со конфликтни ситуации.




Најголем дел од наставниците сметаат дека учениците со пречки во развојот и посебни образовини можности добиваат поддршка за индивидуален развој и вклучување во училишната средина.

Она што наставниците најмногу ги вознемирува и плаши кога е во прашање училиштето е сумирано во следниве точки:

- целосно згаснување на училиштето;
- дрога (најверојатно се мисли на дрогата кај учениците);
- привилегиите;
- намалувањето на бројот на новозапишани ученици;
- немањето на доволен број на часови;
- ситуациите како корона вирусот;
- дојавите за бомби;

**Јаки страни:**

- Поддршката на учениците ако имаат емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.);
- Отвореноста на училиштето за учениците со пречки во развојот
- Кариерното советување и поддршка на кариерниот развој;

- Водењето на целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците;
- Учениците добиваат совети како да се однесуваат во училиштето и надвор од него;

**Слаби страни:**

- Хигиената во училиштето;
- Поголема будност околу евентуалното носење на ладно оружје од страна на учениците;
- Иако учениците се советуваат за штетните последици од употребата на дрогата, постојат стравувања од употреба на дрога кај учениците.

**Препораки:**

- Да се подобри одржувањето на хигиената во училиштето;
- Да се интензивира соработката со надлежните институции (пред се МВР) околу проблемите со употребата на наркотични средства и носењето на ладно оружје;
- Да се преземат активности за сузбивање на насилството и употребата на наркотични средства.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

Подтим за самоевалуација на подрачје 5: Училишна клима

1. **Гордана Секоска-лидер на подтимот**
2. **Тони Димитриевски-член**
3. **Ивица Маринковиќ-член**

За подрачјето на вреднување 5: Училишна клима, индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **5.1.** | Училишна клима и односи во училиштето | ▪ Углед/имиџ на училиштето<br>▪ Кодекс на однесување<br>▪ Училишна клима<br>▪ Поведение и дисциплина во училиштето<br>▪ Учество на учениците во донесување одлуки и решавање на проблеми. |
| **5.2.** | Промовирање на постигањата | ▪ Промовирање на личните постигања на учениците<br>▪ Промовирање на постигањата во името на училиштето |
| **5.3.** | Еднаквост и правичност | ▪ Познавање на правата на децата<br>▪ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>▪ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4.** | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловнста заедница | ▪ Соработка на училиштето со родителите<br>▪ Соработка со локалната заедница<br>▪ Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

Училишниот етос претставува збир од училишната култура, училишната клима и атмосферата во училиштето.
Училишната култура е збир од вредности, верувања и ставови (традиција, обичаи, правила и норми, постигнати резултати, религија и сл.).
Училишната клима и атмосфера е создаден амбиент во кој се реализира наставата (материјално-технички услови и меѓусебните односи во училиштето.

**ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ**

- Кодекс на однесување на учениците, наставниците и Куќен ред;
- Статут на училиштето;
- Програма и извештај за работа на училиштето;
- Реализирани иницијативи за младински активизам;
- Извештаи и анализи за изречени педагошки мерки;
- Извештаи за тимот за инклузија;
- Педагошка евиденција;
- Записници од родителски средби, совет на родители, ученичка заедница;
- Документација за избор на членови на училишен одбор и сл.
- Награди, признанија, учество на натпревари, проекти, настани и сл.;

- Промоција на активностите во училиштето;
- Правилник за избор на првенец на генерација;
- Интернет страница, Facebook;
- Анкетен прашалник наменет за професорите, учениците и родителите

## АНАЛИЗА НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК

### АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ПРОФЕСОРИ

Анкетниот прашалник беше пополнет од 27 наставника.
Анкетниот прашалник и дадените одговори од страна на наставниците е даден подолу:

| Според вас, по што е препознатливо училиштето ? | | |
|---|---|---|
| Квалитетот на работењето | Постигањата на учениците во различни области | Остварување на визијата и мисијата |
| 40,74 % | 37,04% | 22,22% |

| Констатација | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|
| Училиштето ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам | 85,18% | 14,82 | / |
| Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи | 70,77% | 29,63 | / |
| Вработените се грижат за угледот на училиштето | 55,55 | 44,45 | / |
| Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените | 62,96 | 37,04 | / |
| Раководниот кадар одржува позитивна атмосфера во училиштето | 70,37 | 29,63 | / |
| Учениците ги почитуваат правилата на однесување во училиштето | 55,55 | 40,74 | 3,71 |
| Вработените ги почитуваат правилата на однесување во училиштето | 62,96 | 37,04 | / |
| Постои работна атмосфера во училницата за време на наставните и воннаставните активности | 51,85 | 48,15 | / |
| На училиштето му се важни постигањата на учениците | 81,48 | 18,52 | / |
| Наставниците јавно ги истакнуваат постигнувањата на учениците | 66,66 | 33,34 | / |
| Училиштето има воспоставен систем на промовирање и информирање за своите постигања. | 85,18 | 14,82 | / |

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**

Акентниот прашалник беше поделен на 10 % од вкупниот број на ученици во училиштето. Изборот на ученици беше случаен.

Анкетниот прашалник содржеше 10 прашања на кои требаше да се одговори со: секогаш, понекогаш и никогаш. Тој ги содржеше следниве прашања:

| Констатација | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|
| Го почитувам Кодексот на однесување на учениците во училиштето | 72,72 | 27,28 | / |
| Доколку се прекршат парвилата на однесување, во училиштето се спроведуваа постапка за изрекување на педагошки мерки, согласно Законот | 77,27 | 18,18 | 4,55 |
| Училиштето се грижи подеднакво за сите ученици независно од нивната родова, етничка и верска припаднос и нивната различност | 77,27 | 18,18 | 4,55 |
| Постои работна атмосфера во училницата за време на наставните и вонннаставните активности | 81,82 | 18,18 | / |
| На училиштето му се важни постигањата на учениците | 72,72 | 22,73 | 4,55 |
| Ученичката заедница во училиштето функционира добро | 86,35 | 9,1 | 4,55 |
| Ученичката заедница постојано добива информации од координаторот и истите ги споделува со останатите ученици | 77,27 | 22,73 | / |
| Училиштето ги почитува правата на децата | 63,62 | 27,28 | 9,1 |
| Помеѓу учениците владеат пријателски односи, независно од нивната етничка припадност. | 86,35 | 9,1 | 4,55 |

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**

Акентниот прашалник беше поделен на 10 % од родителите на истите ученици кои беа анкетирани по случаен избор.

Анкетниот прашалник содржеше 15 прашања во форма на искази на кои требаше да се одговори со: се согласувам, делумно се согласувам и не се согласувам. Тој ги содржеше следниве искази:

| Констатација | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|
| Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во активностите во училиштето | 90,90 | 9,10 | 0 |
| Во секое време можам да дојдам во училиштето и да добијам информации кои се однесуваат на образованието на моето дете | 81,81 | 18,19 | 0 |
| Изборот на родители во Училишен одбор е транспарентен и е во согласност со пропишаните процедури | 100 | 0 | 0 |
| Родителите се добредојдени во училиштето | 100 | 0 | 0 |




## 5.1 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 5.1.4 УГЛЕД/ИМИЏ НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето во изминатите две години прави големи напори да стане препознатливо во опкружувањето и пошироко за својата работа, за квалитетот на образованието кое го нуди (преку создавање на современи услови за настава), се со цел да ја оствари својата визија и мисија.

За подобрување на угледот на училиштето, како и неговата промоција и маркетинг училиштето има изработено Акциски планови фокусирани да се реализираат две главни активности:

- ❖ Подобрување на условите за работа за реализација на теоретската и практичната настава, со цел учениците да се стекнат со квалитетни и применливи знаења. Со оваа активност се реализирани следниве подактивности:

*Реконструирани се училниците во средниот хол (изолација на дел од ѕидовите, изолација на тавани местење на гипс картон, менување на дел од подот, замена на прозорци, бојадисување на реконструираните училници. Средствата се обезбедени од Блок дотација и средства од училиштето.

*Заменети се сите прозорци во училиштето, освен во фискултурната сала.

*Набавка на алати, машини и други нагледни средства-Набавени се алати, машини и други средства за реализација на практичната настава, како и компјутери, ЛЦД проектори, лап топи за сите наставници, интерактивни табли во 13 училници. За потребите на наставата по спорт и спортски активности набавена е спортска опрема и реквизити, опремени се дел од лабораториите и др. Средствата се набавени од блок дотацијата и сопствени приходи.

*Обновен е бунарот за наводнување на земјоделските култури.

* Се подигнуваат леи за одгледување на калифорниски црви.

*Хортикултурно уредување на училишниот двор-Училишниот двор и училишната економија се целосно реконструирана со нови содржини. На овој дел учениците ја реализираат практичната настава од обласвта на растителното производство.

- ❖ Соработка со основните училишта во текот на целата учебна година, со цел зголемување на интересот на деветоодделенците своето образование да го продолжат во нашето училиште.
- ❖ Активна веб страницата (https://sugsbrakjamiladinovci.edu.mk) и Facebook старницата (СУГС Браќа Миладиновци https://www.facebook.com/profile.php?id=100057389292606).

- ❖ Во училиштето функционира новинарска секција, која што секојдневно споделува информации за активностите кои се реализираат во училиштето.

- ❖ Претставување на училиштето на различни креативни начини, со цел вклучување на голем број ученици, родители и други надворешни лица во животот на училиштето.

Со учество на ученици и професори во различни радио и телевизиски емисии, како и во електронските медиуми училиштето се претставуваше на најдобар можен начин пред опкружувањето.
Со ваквиот начин на промоција училиштето беше домаќин во неколку наврати на многу гости од земјава и странство. Така во изминатите неколку години училиштето го посетија министри, градоначалници, директори, бизнисмени, невладини здруженија, наставници од основни и средни училишта и многу други.






## 5.1.5 КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Училиштето има кодекс на однесување на учениците.

Овие правила и протоколи се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознати сите чинители на воспитно-образовниот процес во училиштето (вработените на Наставнички совет, учениците на класен час, родителите на родителска средба и сл.).Училиштето има Куќен ред. Со куќниот ред запознати се учениците и родителите.









## 5.1.6 ПОВЕДЕНИЕ И ДИСЦИПЛИНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2022/2023 година вкупниот број на ученици изнесуваше 200. Од нив 77,12,5 % имаа примерно поведение, 14,44 % добро и 0,33 % незадоволително поведение (Табела).

| Поведение | I | II | III | IV | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 38 | 54 | 32 | 37 | 161 | 77,12 |
| Добро | 4 | 13 | 9 | 11 | 37 | 14,44 |
| Незадоволително | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0,33 |
| Вкупно | 43 | 68 | 41 | 48 | 200 | 100 |

Од вкупниот број на ученици 200 на 39 ученици (19,5 %) се изречени педагошки мерки, односно на 30 ученици (11,14 %) изречена е педагошка мерка писмена опомена од раководителот на паралелка, а на 8 ученици (3,30 %) е изречена педагошка мерка писмена опомена од советот на паралелка, а писмена опомена од директор е изречена на 1 ученик (0,69 %). Опомена пред отстранување и отстранување од училиште не е изречена (Табела).

| Педагошка мерка | I | II | III | IV | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Писмена опомена од раководител на паралелка | 0 | 11 | 9 | 10 | 30 | 11,14 |
| Писмена опомена од совет на паралелка | 2 | 5 | 0 | 1 | 8 | 3,30 |
| Писмена опомена од директор | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0,69 |
| Писмена опомена пред отстранување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Отстранување од училиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 2 | 17 | 9 | 11 | 39 | 100 |

Споредбено со претходната учебна година  зголемен е бројот на учениците со примерно (за 7,03 %), а намален е процентот добро поведение (за 0,18 %) и со незадоволително поведение (за 8,19 %) Табела.

| Поведение | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|
| Примерно | 70,09 | 77,12 |
| Добро | 14,62 | 14,44 |
| Незадоволително | 8,52 | 0,33 |
| Вкупно | 100 | 100 |

Што се однесува пак до бројот на изречени педагошки мерки во однос на претходната учебна година (2021/2022)истите се намалени за 6,99 %.

| Педагошка мерка | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|
| Писмена опомена од раководител на паралелка | 12,38 | 11,14 |
| Писмена опомена од совет на паралелка | 3,76 | 3,30 |
| Писмена опомена од директор | 3,41 | 0,69 |
| Писмена опомена пред отстранување | 2,57 | 0 |
| Отстранување од училиште | 0 | 0 |
| Вкупно | 22,12 | 15,13 |

### 5.1.7 УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

Учениците се организирани во ученичка заедница. Ученичката заедница ја координира педагогот на училиштето и професорот Ивица Маринковиќ.
Учениците учествуваат во работата на училишните секции, проекти и други активности кои ги организира училиштето и опкружувањето.
Училишната заедница има програма по која што работи.

## 5.2 ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 5.2.4 ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ



### 5.2.5 ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО




## 5.3 ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ

### 5.3.4 ПОЗНАВАЊЕ И ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

На Генералното собрание на обединетите н нации  на 20.11.1989 година со резолуција усвоена е Конвенцијата  за правата на детето, а на сила Конвенцијата стапи на 02.09.1990 година.

Според оваа конвенција дете е секое човечко суштество кое не навршило 18 години од животот, доколку, врз основа на закон не се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано.

Во училиштето учениците припаѓаат на старосната граница од 14 до 18 години, што значи дека нивните правбва се загарантирани со оваа Конвенција.

Во нашето училиште учениците се запознати со своите прва и обврски преку Кućниот ред, Кодексот на однесување на учениците, Законот за средно образование, Статутот на училиштето и др. правни акти.

Тие немаат добиено никакви информации за Конвенцијата за правата на детето.

### 5.3.5 ЕДНАКОВ И ПРАВИЧЕН ТРЕТМАН НА СИТЕ УЧЕНИЦИ

Сите луѓе имаат човекови права без оглед на нивното национално или етничко потекло, полот, родот, бојата на кожата, религијата, возраста, попреченоста, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, јазикот и сл.

Учениците треба да ги уживаат овие права, особено правото на еднаков и правичен третман.

Нашето училиште образува ученици со различна попреченост. Согласно законските прописи учениците имаат право на инклузија во редовниот образовен систем. Нашите ученици кои имаат различни образовни потреби се вклучени во сите активности кои се реализираат во училиштето согласно своите можности. Училиштето се труди сите ученици

да имаат еднаков и правичен третман независно од нивната етничка припадност, религијата, социјалниот статус, попреченост, успехот кој го постигнуваат и сл.
Според анкетниот прашалник 71,43 % од учениците сметаат дека училиштето ја препознава креативноста на учениците и ги вклучува во различни активности.
Низок е процентот на ученици (9,54% секогаш и 28,57 % понекогаш) што добиваат навреди од соучениците. Учениците, 9,54 % од нив добиваат секогаш навреди од професорите и исто толку понекогаш добиваат навреди, додека 76,15 % никогаш не добиле навреда од своите професори. (9,54 %).
Согласно Законот за средно образование (член 51 Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

Инклузивноста во образованието претставува процес на реформи во насока на модификации на содржините, методите, пристапите и стратегиите во наставата и преземање соодветни мерки и активности за целосно отстранување на бариирите, комплетна екипираност на  училиштата со соодветни кадри за помош и поддршка на лицата со посебни образовни потреби, зголемување на потребните ресурси и менување на свеста на луѓето во насока на суштинско прифаќање на синтагмата дека „сите сме исти, но истовремено и различни.“ На тој начин, сите ученици учат заедно, вклучувајќи ги и оние со значителни пречки во развојот и независно од разликите во стилот, начинот и темпото на учење, да добиваат ефективни образовни услуги, со неопходна дополнителна помош и поддршка, во хронолошки соодветно одделение што претставува општествена обврска и неприкосновено природно право на овие лица.

***За самовреднување, вреднување и развивање на инклузивноста во училиштата се користи индексот на инклузија.***

Индексот на инклузија всушност е средство за поддршка за развојот на едно училиште имајќи ги предвид инклузивните вредности. Тоа е документ кој покажува кои се следните чекори за создавање средина каде што соработката е клучна за унапредување на училиштето.
За користење на Индексот за инклузија нема единствен и прав начин. Секое училиште само го одредува начинот на кој ќе го користи Индексот.
Индексот за инклузија овозможува инклузивноста на училиштето да се проучува и развива во три меѓусебно поврзани димензии:

- создавање инклузивна култура;
- креирање инклузивна политика и
- развивање инклузивна пракса.

Инклузивното образование им овозможува на децата со посебни образовни потреби да одат во најблиските училишта исто како и другите деца и да живеат со своите семејства,

што е од особено значење за нивниот развој. Непочитувањето на ваквиот пристап може да доведе до поголеми последици од самата попреченост.

Трите главни групи според OECD (ученици од различно потекло, ученици со пречки во развојот и маргинализирани или економски обесправени ученици) се опфатени во политиките во Република Северна Македонија. Со забележлив исклучок на децата со умерени до тешки пречки во развојот, на речиси секоја популација во редовните училишта се прокламирани политики, со кои се поддржува вклученоста или инклузивноста.“

Принципот на образование за сите го признава правото на соодветно образование согласно можностите на децата и младинците без оглед на степенот на нивната попреченост или посебните образовни потреби.

Имајќи го предвид наведеното, инклузивното образование подразбира:

- сите деца да можат да учат и на сите деца да им се овозможи потребната поддршка во процесот на учење;
- почитување на сите разлики помеѓу децата по возраст, пол, етничка припадност, јазик, попреченост, социјален статус;
- градење образовна структура, систем и методологија која ги задоволува потребите на сите деца (емоционални, физички, интелектуални, социјални, креативни и др.);
- адаптација на програмските структури преку изготвување индивидуален образовен план согласно можностите и потребите на децата;
- промена на ставовите, однесувањата и акомодација на средината, со интенција за задоволување на потребите на сите деца;
- промоција на инклузивноста во поширокото општество;
- намалување на ексклузијата, дискриминацијата и неперспективноста;
- можност детето да расте и да се развива во својата биолошка средина, во своето семејство и во своето непосредно опкружување (во потесната социјална средина).



## БАРИЕРИ КОИ ГО ОТЕЖНУВААТ ПРИСТАПОТ ДО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- Ниските очекувања од децата со попреченост кои се вклучени во редовното образование.
- Погрешни ставови и стеротипи дека инклузијата ќе предизвика намалување на квалитетот на образованието и негативно ќе влијае на останатите ученици.
- Недостиг на ресурси на сите нивоа, како и на компетентен наставен кадар за инклузивно образование.
- Неадекватни механизми за финансирање со кои би се обезбедила стимулација и соодветно прилагодување за инклузија на децата со попреченост.
- Недоволна меѓусекторска координација, поддршка и одржливост.

## ВИДОВИ ПОПРЕЧЕНОСТИ И ПОТЕШКОТИИ

Според операционалната дефиниција на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), утврдени се три категории или групи на деца (ученици) со посебни образовни потреби, со ризик од образовна ексклузија.

Категорија „А / деца (ученици) со попреченост (порано користени термини: хендикеп, инвалидност)“.





Категорија „Б / деца (ученици) со емоционално-бихевиорални тешкотии“.






Категорија „В / деца (ученици) со неповолни социо-културни услови”.




**Краток опис на училиштето со фокус на инклузивноста**

СУГС „Браќа Миладиновци" е едно од 23 средни училишта.чиј основач се јавува Градот Скопје. Формирано е во 1964 година како гимназија. Денес во него се образуваат ученици како од гимназиско, така и од стручно образование-земјоделско-ветеринарна струка. Во учебната 2021/2022 година има запишано 283 ученици распоредени во 23 паралелки. наставата се одржува на македонски и на албански наставен јазик.
Во училиштето се вработени вкупно 86 луѓе од кои 65 се наставници, а останатите се стручна служба и административно технички кадар.

Во изминатите петнаесетина години во училиштето се образуваат и ученици со различни образовни потреби (според категоризацијата на ОЕЦД).
Во почетокот, како наставници се сретнувавме со огромни проблеми околу реализацијата на наставата. Во тој период нашето мислење, а и мислењето на останатите ученици за децата со попреченост беше дека „местото" на тие ученици не е во нашето училиште.
За оние пак, ученици кои имаа емоционални потешкотии или имаа неповолни социо-културни услови, па се однесуваа поинаку од другите ученици преовладуваше мислење дека се невоспитани, мутави, нетокму и сл.

Со текот на времето училиштето вложуваше многу труд да ги промени стереотипите кај вработените и учениците кон овие ученици, односно чекор по чекор се вклучуваше во процесот на инклузија на учениците.

Повеќе години наназад инклузијата како процес на третирање и одговарање на разновидноста на потребите на сите ученици преку зголемување на учеството во учењето, културата и заедницата, а преку намалување на исклученоста во и од образованието, во нашето училиште ја промовира и унапредува директорот и инклузивниот тим на училиштето. Капацитетите на стручната служба се зајакнати со вработувањето на специјален едукатор и рехабилитатор. Инклузивниот тим работи во насока на менување на системот за да му одговара на ученикот, а не менување на ученикот за да се вклопи во системот.
Во таа насока работевме на отстранување на сите бариери за физички пристап до и во училишната зграда.
За овие ученици во училиштето се поставија:

- подвижна пристапна рампа на влезот на училиштето;
- влезен простор на училиштето со двокрилна врата која се отвара на надвор;
- паркинг место за лица со телесна попреченост комплет со знак, одбележано во внатрешниот двор на училиштето со димензии 3,50 m x 5,00 m;

- тоалет за лица со телесна попреченост и
- две рампи за совладување на скалници во училишната зграда.

Со цел обезбедување еднакво учество во учењето секој ученик со ПОП добива индивидуализирана поддршка. За секој ученик се изработува наставна програма (индивидуален образовен план), се креираат настави цели, методи, материјали и оценување кои се прилагодуваат кон индивидуалните потреби на ученикот. Дел од учениците, поддршка добиваат и од образовен асистент.

Инклузивното образование налага наставниците постојано да размислуваат за тоа како децата учат и учествуваат не само во паралелката туку и во училиштето и заедницата. Токму поради тоа како училиште се стремиме наставниците да развиваат рефлексивен став и инклузивни вредности наместо фокусирање на стекнување конкретни вештини и познавање на наставни стратегии. Информациите и содржините се презентираат на различни начини, а учениците она што го научиле го покажуваат на мноштво начини.

Родителите се активни учесници и партнери во образованието на своите деца и донесувањето одлуки. Притоа даваат вредни информации, соработуваат со професионалци со цел задоволување на потебите на своите деца.

Во училиштето функционира тим за инклузија во кој се вклучени и родителите, па инклузијата како процес полесно се спроведува во нашето училиште.



## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да се добие објективна слика за состојбата со инклузивното образование во нашето училиште.

Во ова истражување се проценува напредокот кој се однесува на инклузивната култура, политика и пракса (според индексот на инклузија), односно:

- Димензија А: ГРАДЕЊЕ НА ИНКЛУЗИВНА КУЛТУРА

Како индикатор за квалитет во подрачјето „Градење на инклузивна култура“ во предвид се земаа:

Подрачје „Градење на заедница“ во кои накратко се опфатени сите индикатори и

Подрачје „Воспоставување на инклузивни вредности“.

Извори на податоци и инструменти во истражувањето:

- Самоевалуација на училиштето во период 2019/2020 и 2020/2021 учебна година во која се опфатени седум подрачја за квалитет;
- прашалник наменет за учениците со ПОП-деца со попреченост, нивните родители и професори.

Во процесот на самоевалуација која беше разгледана во август 2021 година се користеа огромен број на податоци и се направија голем број на анкетни прашалници во кои беа опфатени сите наставници и стручни соработници (100%) и 10 до 25 % од родители и ученици, како и сите членови на училишниот одбор.

Во оваа студија на случај, од самоевалуацијата се извадени само прашања кои можат да се искористат за добивање на информации за инклузијата во нашето училиште.

Како инструмент за вклученоста на децата со ПОП во нашето училиште, креиран за оваа намена (студија на случај) се користеа три прашалници и тоа: прашалник за наставници, прашалник за родители и прашалник за ученици.

Анкетниот прашалник (за ученици, за наставници и за родители) содржеше дадени 17 констатации на кои анкетираните требаше да одговорат со: се согласувам, делумно се согласувам и не се согласувам.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Со анкетниот прашалник за ова истражување беа опфатени сите ученици кои се образуваа во нашето училиште во учебната 2020/2021 година, а имаа ПОП (вкупно 7 и нивните родителите/старателите).

Од наставниците, во истражувањето беа опфатени 53 наставника.

Графикон 1: Број и пол на ученици со посебни образовни потреби во училиштето (сите се анкетирани)




Графикон 1




Графикон 2

Графикон 2: Број и пол на родители на ученици со посебни образовни потреби кои се анкетирани

Графикон 3: Број и пол на анкетирани наставници




Графикон 3

Резултати од анкетните прашалници наменети за учениците со ПОП

| **Реден број** | **Тврдење** | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | На часовите често работиме во пар или група со другите ученици | 43% | 43% | 14% |
| **2.** | Уживам на поголемиот број часови | 57% | 43% | 0 |
| **3.** | Кога имам потешкотија барам помош од наставникот | **100%** | 0 | 0 |
| **4.** | Во училиште учам многу нови работи | 85% | 15% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | На часовите наставниците се заинтересирани да го слушнам моето мислење | **100%** | 0 | 0 |
| **6.** | Моите изработки се изложени на видно место во училиштето | 43% | 43% | 14% |
| **7.** | Кога имам домашна задача секогаш ми е објаснето што треба да направам | **100%** | 0 | 0 |
| **8.** | Ова е училиштето во кое навистина сакав да го поминам средното образование | 85% | 15% | 0 |
| **9.** | Мислам дека наставниците се праведни при оценување | 43% | 57% | 0 |
| **10.** | Училиштето настојува да ги намали сите форми на дискримација | **100%** | 0 | 0 |
| **11.** | Ако сум изложен/а на некоја форма на насилство имам кому да се обратам за помош | 85% | 0 | 15% |
| **12.** | Училишната зграда и просторот се  пристапни за сите ученици | **100%** | 0 | 0 |
| **13.** | Тука се чуствувам добредојдено | 85% | 15% | 0 |
| **14.** | Сите ученици меѓусебно си помагаат | 71% | 29% | 0 |
| **15.** | Домашните задачи придонесуваат за учење на сите ученици | **100%** | 0 | 0 |
| **16.** | Сите ученици учествуваме во воннаставни активности | 43% | 43% | 14% |
| **17.** | Асистентите помагаат при учење и учество на сите ученици | 43% | 43% | 14% |

Од добиените податоци може да заклучиме дека:

Сите испитаници односно 7 или 100% се изјасниле дека: се согласуваат

- училишната зграда и простор се пристапни за сите ученици,
- училиштето настојува да ги намали сите форми на дискриминација
- на часовите наставниците се заинтересирани да го слушнам моето мислење
- кога имам потешкотија барам помош од наставникот
- кога имам домашна задача секогаш ми е објаснето што треба да направам

На констатациите кои следат подолу 85% од учениците се изјасниле дека се согласуваат, а 15% дека делумно се согласуваат:

- Во училиште учам многу нови работи;
- Ова е училиштето во кое навистина сакав да го поминам средното образование
- Ако сум изложен/а на некоја форма на насилство имам кому да се обратам за помош

- Тука се чуствувам добредојдено

Поголемиот дел од испитаниците (71%) се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето:

- Сите ученици меѓусебно си помагаат

Подеднаков процент од испитаниците односно 43% се согласуваат и 43% делумно се согласуваат и 14% не се согласуваат дека:

- Асистентите помагаат при учење и учество на сите ученици
- Сите ученици учествуваме во воннаставни активности
- Моите изработки се изложени на видно место во училиштето
- На часовите често работиме во пар или група со другите ученици




Графикон 4

Најголем дел од испитаниците односно 57% се изјасниле дека делумно се согласуваат со тврдењето: наставниците се праведни при оценување (Графикон 5).




Графикон 5




Резултати од анкетниот прашалник наменет за родителите на деца со ПОП

| Реден број | Тврдење | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Моето дете го одбра ова училиште | 85% | 15% | 0 |
| **2.** | Ова училиште е најдобриот избор за моето дете | 57% | 43% | 0 |
| **3.** | Приемот кој го добивме кога прв пат дојдовме во ова училиште беше одличен | 85% | 15% | 0 |
| **4.** | Училиштето навремено ме информира за напредокот на моето дете | 85% | 15% | 0 |
| **5.** | Училиштето ми дава јасни насоки како да му помогнам на моето дете | **100%** | 0 | 0 |
| **6.** | Сите ученици се добредојдени во ова училиште | **100%** | 0 | 0 |
| **7.** | Сите родители се подеднакво важни во ова училиште | **100%** | 0 | 0 |
| **8.** | Моето дете редовно е вклучено во воннаставни активности и секции | 71% | 29% | 0 |
| **9.** | Наставниците ги поттикнуваат сите ученици да работат најдобро што можат согласно можностите | **100%** | 0 | 0 |
| **10.** | Насилството не е проблем во ова училиште | 57% | 29% | 14% |
| **11.** | Се развива клима каде сите ученици се почитувани | 85% | 15% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Наставниците им помагаат на сите кои имаат потреба од помош | **100%** | 0 | 0 |
| **13.** | Домашните задачи секогаш се јасно објаснети и му помагаат на ученикот со учењето | **100%** | 0 | 0 |
| **14.** | Училишната зграда и простор се пристапни за сите ученици | **100%** | 0 | 0 |
| **15.** | Мислам дека наставниците се праведни при оценување | 85% | 15% | 0 |
| **16.** | Сите сме добредојдени во ова училиште | **100%** | 0 | 0 |
| **17.** | Асистентите помагаат при учење и учество на сите ученици | 29% | 71% | 0 |

Од анализата на анкетниот прашалник наменет за родителите на децата со ПОП се гледа дека 100% од нив се изјасниле дека се согласуваат со следниве тврдења

- Сите сме добредојдени во ова училиште
- Училишната зграда и простор се пристапни за сите ученици
- Сите родители се подеднакво важни во ова училиште
- Наставниците ги поттикнуваат сите ученици да работат најдобро што можат согласно можностите
- Наставниците им помагаат на сите кои имаат потреба од помош
- Домашните задачи секогаш се јасно објаснети и му помагаат на ученикот со учењето

Поголемиот дел од испитаниците (85%) се изјасниле дека се согласуваат со следниве тврдења, а 15% дека делумно се согласуваат (Графикон 6):

- Приемот кој го добивме кога прв пат дојдовме во ова училиште беше одличен
- Училиштето навремено ме информира за напредокот на моето дете
- Моето дете го одбра ова училиште
- Се развива клима каде сите ученици се почитувани
- Мислам дека наставниците се праведни при оценување




Графикон 6

Поголем процент од родителите (71%) се согласуваат со констатацијата дека нивното дете е вклучено во вонннаставните активности, а 29% делумно се согласуваат.

На тврдењето дека нашето училиште било најдобар избор за нивните деца, 57 % од родителите се согласуваат со таа констатација, а 43 % делумно се согласуваат (Графиконот 7). Исо толку родители (57 %) се согласуваат дека насилството не е проблем во ова училиште, 29 % делумно се согласуваат и 14 % не се согласуваат со даденото тврдење (графикон 8).




Графикон 7




Графикон 8



Резултати од анкетниот прашалник наменет за наставниците

| Реден број | Тврдење | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Сите се чуствуваат добредојдено во училиште | 73% | 23% | 4% |
| **2.** | Директорот добро соработува со вработените | 68% | 26% | 6% |
| **3.** | Училишната управа, вработените и учениците ја делат филозофијата на инклузија | 72% | 28% | 0 |
| **4.** | Вработените настојуваат да ги отстранат сите препреки за учење и учество во училиштето | 79% | 19% | 2% |
| **5.** | На новите вработени им се помага да се прилагодат на училишната средина | 72% | 26% | 2% |
| **6.** | Училиштето настојува да ги намали сите форми на дискриминација | 79% | 17% | 4% |
| **7.** | Училиштето е отворено за сите ученици | **92%** | 8% | 0 |
| **8.** | Училишната зграда и простор се пристапни за сите ученици | **87%** | 13% | 0 |
| **9.** | Учениците учат низ заедничка работа | **83%** | 17% | 0 |
| **10.** | Наставата се планира на начин кој обезбедува еднаков пристап и активно учество на сите ученици | **89%** | 11% | 0 |
| **11.** | Оценувањето придонесува за постигнувањата на сите ученици | **85%** | 15% | 2% |
| **12.** | Сите форми на поддршка се координирани | 76% | 24% | 0 |
| **13.** | Дисциплината во училницата се базира на взаемно почитување | 66% | 32% | 2% |
| **14.** | Локалната заедница евклучена во работата на училиштето | 68% | 28% | 4% |
| **15.** | Стручноста на вработените се користи во целост. | 68% | 32% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **16.** | Сите наставници ги вклучуваат учениците во воннаставни активности согласно интересите и способностите на учениците | 68% | 30% | 2% |
| **17.** | Асистените помагаат при учење и учество на сите ученици | **83%** | 17% | 0 |

Од добиените податоци може да заклучиме дека:

Најголемиот дел од испитаниците, односно од 80 до 92% од нив се изјасниле дека се согласуваат со следниве тврдења:

- Училиштето е отворено за сите ученици
- Наставата се планира на начин кој обезбедува еднаков пристап и активно учество на сите ученици
- Училишната зграда и простор се пристапни за сите ученици
- Оценувањето придонесува за постигнувањата на сите ученици
- Учениците учат низ заедничка работа
- Асистените помагаат при учење и учество на сите ученици

Ниту еден испитаник не се изјаснил дека не сесогласува со претходно наведените тврдења.

Од 72 до 79% од испитаниците се изјасниле дека се согласуваат со следниве тврдења:

- Сите се чуствуваат добредојдено во училиште
- На новите вработени им се помага да се прилагодат на училишната средина
- Училиштето настојува да ги намали сите форми на дискриминација
- Вработените настојуваат да ги отстранат сите препреки за учење и учество во училиштето
- Училишната управа, вработените и учениците ја делат филозофијата на инклузија

Од 66 до 68% од испитаниците се изјасниле дека се согласуваат со следниве тврдења:

- Директорот добро соработува со вработените
- Сите наставници ги вклучуваат учениците во воннаставни активности согласно интересите и способностите на учениците
- Дисциплината во училницата се базира на заемно почитување
- Стручноста на вработените се користи во целост
- Локалната заедница е вклучена во работата на училиштето

Може да забележиме дека во однос на овие тврдења има мал процент на испитаници кои се изјасниле дека  делумно се согласуваат или не се согласуваат.

**ЈАКИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ (КАТЕГОРИЈА А-ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ):**

- Училиштето има обезбедено материјално-технички ресурси за учениците со пречки во развојот;
- Сите (наставници, родители и ученици) се чувствуваат добредојдено во училиштето;
- Училишната управа и вработените ја делат филозофијата на инклузија;
- Учениците сп ПОП знаат дека училиштето настојува да ги намали сите форми на дискриминација, да ја дадат неопходната поддршка и да ги вклучат во вонндаставните активности.

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ (КАТЕГОРИЈА А-ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ):**

- Да се информираат сите ученици за воннаставните активности во училиштето и да се поттикнат за нивно вклучување во истите;
- Да се запознаат учениците и родителите за резултатите од учењето наведени во индивидуалните образовни планови и за критериумите за оценување на нивните деца.

**ПРЕПОРАКИ:**

- Вклучување на сите ученици со ПОП во воннаставни активности
- Континуирана соработка на тимот за инклузија со родителите и учениците со цел следење на постигнувањата на учениците и нивно правично оценување.
- Детектирање на учениците со емоционално-бихевиорални тешкотии и со неповолни социо-културни услови.

**РЕЗУЛТАТИ ДОБИЕНИ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Индикатори за квалитет:

- Севкупна грижа за учениците;
- Здравјето на учениците.
















Родители: Во училиштето се санкционира насилството.
8%
2%
90%
Целосно се согласувам
Делумно се согласувам
Не се соглсувам


Наставници: Училиштето е „отворено“ за децата со посебни потреби.
Не се соглсувам
4,76%
Делумно се...
14,29%
Целосно се...
80,95%
0%
50%
100%


Ученици: Училиштето е „отворено“ за децата со посебни потреби.
100%
80%
60%
40%
20%
0%
84%
14%
2%
Целосно се согласувам
Делумно се согласувам
Не се соглсувам


Родители: Училиштето е „отворено“ за децата со посебни потреби.
18%
2%
80%
Целосно се согласувам
Делумно се согласувам
Не се соглсувам


Наставници: Ако ученикот има емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побара помош во училиштето.
Не се соглсувам
4,76%
Делумно се согласувам
9,52%
Целосно се согласувам
85,71%
0%
20%
40%
60%
80%
100%


Ученици: Ако ученикот има емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побара помош во училиштето.
60%
50%
40%
30%
20%
10%
0%
50%
46%
4%
Целосно се согласувам
Делумно се согласувам
Не се соглсувам


Родители: Ако ученикот има емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побара помош во училиштето.
8%
22%
71%
Целосно се согласувам
Делумно се согласувам
Не се соглсувам


Наставници: Учениците со пречки во развојот и посебни образовини можности добиваат поддршка за индивидуален развој и вклучување во училишната средина
Не се соглсувам
Делумно се согласувам
Целосно се согласувам
0,00%
21,05%
78,95%
0%
10%
20%
30%
40%
50%
60%
70%
80%
90%




| ЈАКИ СТРАНИ |
|---|
| • Училиштето има позитивен однос кон децата со посебни потреби и се работи на нивно прифаќање, прилагодување, поддршка на нивниот разој и школско напредување;<br>• Учениците со емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побараат помош во училиштето. |

| СЛАБИ СТРАНИ |
|---|
| • Не информираност на учениците за можноста учениците со емоционални потешкотии да побараат помош од училиштето.<br>• Некои ученици и наставници имаат предрасуди кон учениците кои се различни од нив. |

**ПРЕПОРАКИ**

- Запознавање на учениците со различната помош и поддршка што им ја нуди училиштето и нивно вклучување во „животот“ на училиштето“.
- Градење на капацитети за работа и соработка со ученици со различни образовни потреби.

**Подрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА**

Индикатори за квалитет:

- Училишна клима и односи во училиштето;
- Еднаковост и правичност.

**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**










Ученици: Кога ми е потребна помош во совладување на некоја наставна содржина барам помош од соучениците
80
70
60
50
40
30
20
10
0
28,57
71,43
0
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Помошта што ја барам од моите соученици ја добивам
70
60
50
40
30
20
10
0
61,89
38,11
0
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Вработените во училиштето кон мене се однесуваат со почит и внимание
60
50
40
30
20
10
0
57,13
23,8
4,77
14,3
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Се дружам со ученици во училиштето независно од тоа на која етничка група припаѓаат
100
80
60
40
20
0
80,93
4,77
0
14,3
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Кон мене учениците се однесуваат непристојно и ми упатуваат погрдни зборови
70
60
50
40
30
20
10
0
9,54
28,57
61,89
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Сум добивал навреди од одредени наставници поради мојот успех
80
70
60
50
40
30
20
10
0
9,54
9,54
76,15
4,77
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Според мене, секој има право да учи и да се образува во нашето училиште независно од тоа каква е неговата социјална положба
100
80
60
40
20
0
80,92
9,54
9,54
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Во училиштето ја препознаа мојата креативност и ме вклучуваат во различни активности
80
70
60
50
40
30
20
10
0
71,43
23,8
4,77
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Запознат/а сум со прописите и правилата во училиштето
70
60
50
40
30
20
10
0
66,66
33,34
0
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Ученици: Кога имам проблем, одговорните во училиштето спремни се да ме сослушаат и да ми пружат помош
80
70
60
50
40
30
20
10
0
71,43
23,8
4,77
0
Секогаш
Понекогаш
Никогаш
Не одговориле


Родители: Информиран/а сум со правилата на однесување и куќниот ред во училиштето
80
70
60
50
40
30
20
10
0
71,43
28,57
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители:Училиштето ја поттикнува соработката со родителите
70
60
50
40
30
20
10
0
61,9
33,33
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Во училиштето се негува меѓусебната соработка и почитување
80
70
60
50
40
30
20
10
0
71,43
23,8
4,77
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Вработените во училиштето спрема мене како родител се однесуваат со почит
70
60
50
40
30
20
10
0
66,66
28,57
4,77
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Имам добра соработка со класниот раководител
5
4,5
4
3,5
3
2,5
2
1,5
1
0,5
0
0
4,77
4,77
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Знам на кого можам да се обратам во училиштето кога имам било каква потреба
85,7
14,3
0
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Добивам информации за работењето и случувањата во училиштето
61,89
28,57
9,54
70
60
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Училиштето бара мислење од родителите за одредени активности
42,85
47,61
9,54
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Сите наставници кои му предаваат на
моето дете ги почитувам подеднакво
80
70
60
50
40
30
20
10
0
71,43
28,57
0
Се
согласувам
Делумно се
согласувам
Не се
согласувам


Родители: На родителските средби секогаш се
присутни повеќе од 70 % од родителите
60
50
40
30
20
10
0
33,33
52,37
14,3
Се
согласувам
Делумно се
согласувам
Не се
согласувам


Родители: Наставниците кои му предаваат на моето
дете кон него се однесуваат со почит
80
70
60
50
40
30
20
10
0
76,2
23,8
0
Се
согласувам
Делумно се
согласувам
Не се
согласувам


Родители: Моето дете се чувствува пријатно во училиштето независно од нашата етничка припадност
71,43
28,57
0
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Јас, како родител се чувствувам добредојден/а во училиштето
85,7
9,54
4,77
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Родители: Моето дете е почитувано од страна на наставниците и вработените во училиштето
85,7
14,3
0
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам




## ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Сите луѓе имаат човекови права без оглед на нивното национално или етничко потекло, полот, родот, бојата на кожата, религијата, возраста, попреченоста, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, јазикот и сл.

Учениците треба да ги уживаат овие права, особено правото на еднаков и правичен третман.

Нашето училиште образува ученици со различна попреченост. Согласно законските прописи учениците имаат право на инклузија во редовниот образовен систем. Нашите ученици кои имаат различни образовни потреби се вклучени во сите активности кои се реализираат во училиштето согласно своите можности. Училиштето се труди сите ученици да имаат еднаков и правичен третман независно од нивната етничка припадност, религијата, социјалниот статус, попреченост, успехот кој го постигнуваат и сл.

Според анкетниот прашалник 71,43 % од учениците сметаат дека училиштето ја препознава креативноста на учениците и ги вклучува во различни активности.

Низок е процентот на ученици (9,54% секогаш и 28,57 % понекогаш) што добиваат навреди од соучениците. Учениците, 9,54 % од нив добиваат секогаш навреди од професорите и исто толку понекогаш добиваат навреди, додека 76,15 % никогаш не добиле навреда од своите професори. (9,54 %).

Согласно Законот за средно образование (член 51 Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

## ПРИФАЌАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

Мултикултурализмот претставува соживот на различни култури, каде што културата вклучува раса, религија, националност и културни вредности.
Како резултат на мултикултурно општество развиена е Концепција за интеркултурно образование во Северна Македонија.

Во нашето училиште има мултикултурна/мултиетничка разноликост.
Настава се изведува на два јазика: македонски и албански наставен јазик. Наставата на македонски наставен јазик ја следат 168 ученици (62,23 %), а на албански наставен јазик 102 ученици (37,77 %).
Треба да истакнеме дека настава на македонски наставен јазик ја следат и ученици кои припаѓаат на турскиот, ромскиот, бошњачкиот, српскиот и другите народи застапени во Северна Македонија.
Во нашето училиште не постојат бариери и поделеност која негативно се одразува врз интеркултурниот дијалог помеѓу наставниците, учениците, родителите и другите субјекти, односно:

- Нема физичка поделеност помеѓу учениците кои наставата ја следат на различни наставни јазици;
- Учениците, подеднакво се вклучени во сите активности во училиштето;
- Секојдневно се надминуваат предрасудите и стереотипите и сл.;
- Училиштето преку свои претставници учествуваше во изработка на Концепцијата за меѓуетничка интеграција и младински активизам на Град Скопје;
- Училиштето учествува во сите активности и проекти кои ги реализира МЦГО, а се однесуваат на меѓуетничка интеграција и младински активизам;
- Во училиштето се реализираат заеднички часови за 10-12 паралелки, односно мултиетнички паралелки следат настава на двата наставни јазика;
- Во рамките на поддршката што ја дава МОН за МИО активности, училиштето години наназад само или со партнер училишта реализира проекти во кои активно учество земаат ученици кои наставата ја следат на македонски и на албански наставен јазик.

Дека се негува мултикултурализмот/МИО зборуваат и резултатите од анкетата спроведена во училиштето.

Висок е процентот на наставниците (83,72 %) кои го негуваат мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и малдинскиот активизам, 80,93 % од учениците постојано се дружат со учениците независно од нивната етничка припадност, а 71,43 % од родителите кажуваат дека нивните деца пријатно се чувствуваат во училиштето независно од нивната етничка припадност.









**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Училиштето гради инклузивна култура;
- Училиштето ги цени и поддржува различностите кај учениците и вработените;
- Училиштето се труди да спроведува инклузивна политика.

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ:**

- Мала ангажираност на ученичката заедница во градење на инклузивно училиште;
- Недоволна заинтересираност на родителите за активно учество во активностите во училиштето.

**ПРЕПОРАКИ:**

- Вклучување на ученичката заедница во градење на инклузивна култура, политика и инклузивна практика

**ЗАКЛУЧОК**

СУГС „Браќа Миладиновци“ од Скопје, е училиште во кое се негуваат различностите. Вработените и учениците, чекор, по чекор, континуирано работат на градење на инклузивно училиште, инклузивна политика и инклузивни практики.

Иако се забележуваат позитивни промени, сепак треба уште многу да се работи на темата ИНКЛУЗИЈА. Училиштето е на добар пат да стане инклузивно училиште. Тоа е зацртано во неговата мисија и визија и во развојниот план на училиштето.

### 5.3.6 ПРИФАЌАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

Мултикултурализмот претставува соживот на различни култури, каде што културата вклучува раса, религија, националност и културни вредности.

Како резултат на мултикултурно општество развиена е Концепција за интеркултурно образование во Северна Македонија.

Во нашето училиште има мултикултурна/мултиетничка разноликост.

Настава се изведува на два јазика: македонски и албански наставен јазик. Наставата на македонски наставен јазик ја следат 117 ученици (53,91 %), а на албански наставен јазик 100 ученици (46,09 %).

Треба да истакнеме дека настава на македонски наставен јазик ја следат и ученици кои припаѓаат на турскиот, ромскиот, бошњачкиот, српскиот и другите народи застапени во Северна Македонија.

Во нашето училиште не постојат бариери и поделеност која негативно се одразува врз интеркултурниот дијалог помеѓу наставниците, учениците, родителите и другите субјекти, односно:

- ❖ Нема физичка поделеност помеѓу учениците кои наставата ја следат на различни наставни јазици;
- ❖ Учениците, подеднакво се вклучени во сите активности во училиштето;
- ❖ Секојдневно се надминуваат предрасудите и стереотипите и сл.;
- ❖ Училиштето преку свои претставници учествуваше во изработка на Концепцијата за меѓуетничка интеграција и младински активизам на Град Скопје;
- ❖ Училиштето учествува во сите активности и проекти кои ги реализира МЦГО, а се однесуваат на меѓуетничка интеграција и младински активизам;
- ❖ Во училиштето се реализираат заеднички часови за 10-12 паралелки, односно мултиетнички паралелки следат настава на двата наставни јазика;
- ❖ Во рамките на поддршката што ја дава МОН за МИО активности, училиштето години station наназад само или со партнер училишта реализира проекти во кои активно учество земаат ученици кои наставата ја следат на македонски и на албански наставен јазик.

Дека се негува мултикултурализмот/МИО зборуваат и резултатите од анкетата спроведена во училиштето.
Висок е процентот на наставниците (85,18 %) кои го негуваат мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и малдинскиот активизам, 77,27 % од учениците сметаат дека училиштето подеднакво се грижи за сите ученици, независно од нивната родова, етничка и вреска припаност и нивната различност.



## 5.4 ПАРТНЕРСКИ ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА

### 5.4.4 СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ

Соработката на родителите со училиштето е могу важна алка за успешен развој на секое дете. Преку соработката, родителот добива информации за начинот на работа на училиштето и целите кои училиштето сака да ги оствари. Освен тоа, родителот добива информации за тоа како неговото дете се чувствува, какви работни навики добива, дали
детето постигнува резултати во континуитет и дали е во состојба да ги следи сите барања што ги регулираат наставните планови и програми, како и тоа кои му се другари и сл.
Соработка на училиштето со родителите е доста важно, затоа што училиштето на тој начин добива информации со кои подобро го запознава ученикот, неговите способности, карактеристики и работни навики.
Токму поради тоа соработката на родителите е доста важна како за родителите, така и за училиштето.
Родителите првиот контакт со вработените во училиштето го имаат со раководителот на паралелка. Родителите (90,46 %) имаат добра соработка со раководителот на паралелка. Тие во секое време можат да дојдат во училиштето и да добијат информации кои се однесуваат на образованието на нивното дете(81,81 %).
Иако 100 % од родителите се чувствуваат добредојдено во училиштето сепак нивното присуство на родителските средби е сведено на ногу мал процент.

### 5.4.5 СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА И УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА

Нашето училиште, како и години наназат соработуваше со Град Скопје, односно со сите сектори кои се значајни за работата на самото училиште, особено со Секторот за образование. Тука треба да истакнеме дека поддршката на Градот Скопје и Секторот за образование ја имавме особено во реализација на активностите поврзани со Стратегијата за мултиетничко образование на младите и младински активизам, како и во сите активности за реализација на одредени проикти кои се реализираа од страна на Градот или со поддршка на Град Скопје. Освен со Градот Скопје, училиштето соработуваше и со Општина Кисела Вода и Општина Студеничани.

### 5.4.6 СОРАБОТКА СО ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА И СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Освен со Град Скопје, училиштето соработуваше со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и други надлежни институции, потоа со Минстерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна ветеринарство, многу високообразовни институции, невладини организации и здруженија, социјални партнери, локалната заедница и сл.
Освен со институции од земјава, училиштето воспостави соработка со училишта, Невладини организации и сл. од други земји (земјоделско училиште од Ново Место, Република Словенија, земјоделско училиште од Крижевци Република Хрватска, Фарма за одгледување на магариња од Иваниќ Град Република Хрватска, Биоселена од Софија Република Бугарија и др.
Училиштето склучи меморандуми за соработка со повеќе институции, односно:

- Со Здружението Екозвон за реализација на проектот „Со фиторемедијација до деконтаминација на почвата“.
- Со Здружението за заштита на животната средина Нов Импулс од Скопје.
- Со Здружение ЕКОЗВОН од Скопје за реализација на проектот „Култивирање на ретки, ендемични и загрозени видови растенијаединствена можност за зачувување на еколошката средина и биодиверзитетот“
- Со Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики Европа за тебе-Скопје и др.

Училиштето има склучено многу договори со компании каде што учениците изведуваат практична обука (учење преку работа кај работодавач).

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Училиштето ги подобрува материјално техничките услови за работа;
2. Училиштето ги опремува училниците со потребната опрема и нагледни средстава;
3. Висок е процентот на ученици со примерно поведение;
4. На училиштето му се важни постигањата на учениците и истите ги истакнува на видно место;
5. Училиштето активно работи на промоцијата;
6. Учениците ги знаат своите права;
7. Училиштето е инклузивно;
8. Училиштето го негува мултикултурализмот и ги прифаќа различностите.

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Слабиот интерес на родителите за соработка со училиштето;

**ПРЕПОРАКИ:**

1. Да се продолжи со реконструкција на училишниот објект;
2. Да се доопреми училиштето со мебел, нагледни средства за теаоретска и практична настава;
3. Да се интензивира соработката со основните училишта и опкружувањето;
4. Да се продолжи со маркетингот и промоцијата на училиштето;
5. Да се следи поведението на учениците и навремено да се изрекуваат педагошките мерки;

# 6. РЕСУРСИ

Тим за самоевалуација на подрачје 6: Ресурси

1. **Емилија Брушкоска: тим лидер**
2. **Марија Петровска-член**
3. **Осман Бајрами-член**

За подрачјето на вреднување 6: **Ресурси индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:**

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1. | **Сместување и просторни капацитети** | ▪ Просторни услови<br>▪ Искористеност на просторни капацитети |
| 3.2. | **Наставни средства и материјали** | ▪ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>▪ Училишна библиотека<br>▪ Потрошен материјал<br>▪ Училишна реална или виртуелна компанија<br>▪ Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 3.3. | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ▪ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>▪ Ефективност и распоредување на кадарот<br>▪ Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 3.4. | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ▪ Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 3.5. | **Финансиско работење во училиштето** | ▪ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. |

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ

Анкетниот прашалник за подрачјето Ресурси содржеше 11 прашања/констатации за кои требаше анкетираното лице да се изјасни со оценки од 1 до 5 за првото прашање, каде што 1 е најниска, а 5 е највисока оценка, од 1 до 8 за второто прашање, каде што 1 најприоритетно...8 не е приоритетно, со ДА, НЕ и ДЕЛУМНО (6 прашања) и отворени прашања (3).

Прашалникот беше поделен на 45 наставници и стручни соработници, а истиот го пополнија 35:




**Прашање 1:** Дадени се пет констатации. Испитаниците требаше да ја оценат секоја констатацијата со оценка од 1 до 5 (1 најниска оценка, а 5 највисока). При тоа добиени се следниве резултати:



**Прашање 2:** На ова прашање, анкетираните со бројка од 1 до 8 требаше да дадат приоритет (1 најприоритетно…..) за прашања кои се однесуваат на реновирање на училиштето:




**Прашање 3:** Дали од раководниот тим сте побарале да ви обезбеди нагледни средства и други материјали за реализација на наставата?




**Прашање 4:** Доколку сте побарале, а не ви е обезбедено, наведете што најмногу ви треба за да можете да реализирате квалитетна и современа настава, наставниците одговориле дека:

- Се што побарале им е дадено и обезбедено;

- Потребен им е лап топ и добар интернет;
- Да се сменат зелените табли;
- Психолошки тест за интелегенција.

**Прашање 5:** Дали имате опрема и материјали за реализација на практична обука?
На ова прашање не одговориле 5,71 од испитаниците. Од нив 51,51 % не реализираат практична настава.
Од оние што реализираат практична настава 93,75 % одговориле дека имаат материјали и опрема за реализација на практична обука.

**Прашање 6:** Што најмногу ви е потребно за успешна реализација на практичната настава и вежбите?
На ова прашање не одговориле 25,71 % од испитаниците. Останатите како потреба за успешна реализација на практичната настава и вежбите им е потребен: кабинети за вежби, земјоделски алат и прибор, канцелариски материјал, добар интернет, лап топ и проектор, и сл. Голем процент од испитаниците одговориле дека имаат се, само треба да се работи"

**Прашање 7:** Дали имате доставено до стручната служба личен план за професионален развој?




**Прашање 8:** Дали сте побарале од раководниот тим да организира одредена обука, која ви е неопходна за реализација на воспитно-образовната работа?




**Прашање 9:** Дали од раководниот тим, ви одобрил обука која ви е потребна, на ваше барање?
На ова праѓање не одговориле 25,71 % од испитаниците.
Од оние кои што одговориле на 61,54 % директорот им одобрил обука за теме кои тие ги побарале, а на 38,46 % не одобрил обука која ја побарале (иако 55,85 % од истите испитаници не побарале никаква обука).

**Прашање 10:** Наведете од каква обука имате најголема потреба
На ова прашање најголем процент од наставниците имаат потреба од обика за мотивација на учениците за да бидат активни на часовите, работа со ученици кои имаат ПОП, нови методи и техники во наставата, обука за онлајн настава, користење на ИКТ во наставата и сл. Еден дел од наставниците побарале обуки за новитетите во научната област која ја предаваат.

**Прашање 11:** Дали раководниот тим ве информира за трошење на финансиите (финансов план, финансиски извештај, јавни набавки и сл.)?



## 6.1. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

**Извори на податоци:**

- **Непосреден увид;**
- **Годишни програми за работа на училиштето;**
- **Годишни извештаи за работата на училиштето;**
- **План за развој на училиштето;**
- **Реализација на План за јавни набавки;**
- **Записници од стручните органи и тела;**
- **Интерни планови и протоколи за реализацја на наставата во услови на ковид 19;**
- **Анкетен прашалник.**

### 6.1.1. ТЕМА: ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Училишната зграда е монтажна барака, подарок од Англиската влада во 1964 година и има површина од 3600 м2.
Училиштето располага со 15 училници, 3 помали училници за помал број ученици, 1 кабинет по информатика, 1 кабинет опремен со компјутерска опрема од Huawei (Проект на МОН) 1 просторија за состаноци, 3 лаборатории, 2 училници (за пчеларство и за практична настава од обласата хортикултура), 1 библиотека, 8 административни канцеларии, кујна, 4 тоалетнии чвора (за ученици машки и женски 1+1 и 1 за ученици со телесна попреченост), фискултурна сала, соблекувални, 5 магацини и 2 работилници.
Училишниот мебел (се мисли на клупи и столчиња) во еден тракт е заменет со нов, а во останатите училници е уништен и стар и е потребно негово обновување.
Училишната библиотека е реконструирана и е опремена со најразлични книги, лектири, атласи и сл.

Зградата е изведена како челична конструкција со надворешно фасадно обложување со брановиден ребрест лим под кој се наоѓа изолација. На повеќе места надворешното обложување е во лоша состојба.
Кровот на училиштето во најголем процент е покриен со метален ребрест лим, а еден дел е покриен со азбестни плочи. На одредени места прокиснува, па честа слика за време на врнежи се кофите и кантите распоредени низ просториите каде што течењето е најизразено. Еден дел од кровот (во ходниците) каде што течењето е најизразено, а покривот беше од азбестни плочи е заменет со нов кров. Од внатрешната страна, ѕидовите се обложени со рамен салонит во кој има присуство на азбест.
Сите стари метални прозорци во училиштето се заменети со ПВЦ прозорци, освен во фискултурната сала.
Училиштето има радијаторски систем за греење (со топла вода), а загревањето се врши со нафта.
Еден дел од тоалетите во училиштето се реконструирани (за вработените), а ученичките тоалети може да се каже дека се во пристојна состојба.
Фискултурната сала иако е реновирана пред 15-20 години е во лоша состојба. Потребно е нејзино реновирање.

Во фискултурната сала прозорците на училиштето се метални, двострани и застаклени со стакло. Поради металната конструкција поставена на мало растојание, сончевата светлина не навлегува доволно во училишните простории. Тие не дихтуваат добро, па се губи големо количество топлина во текот на зимата.
Затоа е потребно нивно заменување со нови прозорци. Тоалетите, соблекувалните и другите помошни простории во фискултурната сала се во лоша состојба.
Електричната инсталација во училишната зграда е застарена и истата треба целосно да се замени.

### 6.1.2. ТЕМА: ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Просториите во училиштето зафаќаат околу 3600 $м^2$, во кои влегува и фискултурната сала, додека училишниот двор зафаќа површина од 3000 $м^2$ во кои влегува ЗОО паркот, помошните простории за училишната економија, зачинската и зеленчуковата градина, заштитените простори, како и цветните градини (алпинетуми, розариуми и повеќегодишни растенија и грмушки).
Наставата во училиштето од учебната 2022/2023 година се изведува во една смена со што се прави заштеда во електрична енергија, нафта за греење, вода и сл.

**ЈАКИ СТРАНИ**

Поради лошата состојба во којашто се наоѓа дел од училишниот објект, тимот за реновирање на училиштето (составен од вработени во училиштето, ученици, родители и членови на Училиштен одбор) и оваа учебна година ќе ја користи приоритетната листа според која треба да се изнајде начин за санирање на лошата состојба на училишниот објект. Сите наведени активности имаат ист приоритет.

| Ред. број | Опис на приоритетната активност-ресурси |
|---|---|
| 1. | Менување/реконструкција на внатрешните ѕидови и плафонот |
| 2. | Реконструкција на надворешната фасада (со ставање на термоизолација) |
| 3. | Менување на патеките околу училишната зграда (под стреите) |
| 4. | Менување на подот во училниците |
| 5. | Менување на делови од кровот |
| 6. | Менување на електричната инсталација |
| 7. | Реконструкција на фискултурната сала |
| 8. | Реновирање на училишните ученички тоалети |

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Дел од училишната зграда е стара и е потреб целосно реконструирање.

**ПРЕПОРАКИ**

Да се продолжи со реализација на активностите кои се на приоритетната листа, која што произлезе од анкетниот прашалник наменет за наставниците, односно:

## 6.2. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

**Извори на податоци:**

- **Извештај од реализација на Плановите за јавни набавки;**
- **Непосреден увид;**
- **Пописни листи;**
- **Увид во библиотечниот фонд;**
- **Годишни програми за работа на училиштето;**
- **Годишни извештаи за работа на училиштето;**
- **Извештај од последна интегрална евалуација;**
- **Склучени договори со економски оператори;**
- **Записници од стручни органи и тела;**
- **Анкетен прашалник.**

### 6.2.1. ТЕМА: ОПРЕМЕНОСТ СО СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА И НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

- Во училишната библиотека има стручна литература за сите наставни предмети.

Наставниот кадар од претпоставените многу малку бара да му се обезбеди одредена стручна литература. Најголем процент од стручната литература припаѓа на земјоделско-ветеринарната струка.

- **Опрема, нагледни средства и помагала**

За реализација на целокупниот воспитно образовен процес училиштето располага со следнива опрема нагледни средстав и помагала:
Има 13 штампачи – принтери, 72 лаптопи, 47 таблети, 10 проектори, 6 платна за проектирање, 2 CD, флипчарт 1 табла, 13 паметни табла.
Според потребите на наставниците се планира збогатување на училиштето со следнава опрема, нагледни средства и помагала:

- Набавка на компјутери и ЛЦД-проектори
- Набавка на клупи, столчиња и табли за неколку училници
- Набавка на лабораториски материјали за училишните лаборатории
- Набавка на опрема и нагледни средства по одредени предмети
- Набавка на алат, опрема и други материјали за реализација на практична настава

Во рамките на училишната економија која се наоѓа во составот на училишниот двор е училишниот Зоо парк во кој живеат и се одгледуваат домашни и диви животни. Паркот се простира на површина од 2 500 м2 и во него има направено живеалишта за животни и тоа:
* Живеалиште за срни во кое се сместени 3 срни.
* Живеалишта за кокошки (кокошарник).
* Живеалиште со 2 простории на егзотични животни.
* Живеалиште за кози и овци.
* Живеалиште за коњи, магаре и лама.

* Езерце од 10 м2 кое служи за потребите на живината која користи водена површина за пливање.
* Надворешна училница во која се реализира практична и друга настава. Во училницата има етно катче и надворешна библиотека.
Во училишниот двор се сместени и „објекти“ за одгледување на растенија, односно:
* Современ стакленик, донација од Владата на Чешката Република.
* Аквапоника
* Два пластеника со површина од 20 м2 кои се користат за производство на цвеќе во затворен простор.
* Зачинска градина, која е опремена со сушара.
* Розариум.
* Мал овоштарник.
* Парцели за одгледување на зеленчукови растенија и цвеќе.
* Калифорниски црви
* Земјоделско земјиште земено под концесија од МЗШВ (20000 м2).
Училишната економија располага со земјоделска механизација која се состои од:
* Трактор ИМТ 539
* Трактор Ландини 85 кс
* Трактор Џон Дир
* Приклучна механизација
* Фреза
* Тањирача
* Плугови (двобраздни и тробраздни)
    * Железна брана (двокрилна и трокрилна)
    * Ѓубрерастурач
    * Редосеалка за житни култури (е во многу лоша состојба)
    * Утоварач/корпа
    * Две приколки
    * Мотокултиватори
    * ИМТ 507 со фреза и плуг
    * Ломбардини со фреза и плуг
    * Автоматска метеоролошка станица
    * Косачки за трева и жива ограда
    * Рачен алат за обработка на почвата и др.
    * Алат од МИО.

## ➢ Земјоделска механизација и друга опрема

| Година на набавка | Вид на опрема | Количина |
| --- | --- | --- |
| | Косилка моторна 46см самоодна 3603747208431. | 1 |
| | Тример 42,7см3,42см Смарт бц436р4008423861235. | 1 |
| | Батериски контролор за наводнување-дигитален ¾; | 3 |
| | Моторна смукалка-дробилка и дувалка за чистење лисја | 1 |
| | Трактор косилка | 1 |
| | Електрична потопна пумпа | 1 |
| | Бензиска ножица – тример за жива ограда | 1 |
| | Пластеник за органско земјоделство 10 x 5 x 2,5 метри | 1 |
| | Мотокултиватор КАМ7 ѕ со тркала, приклучна механизација, фреза, косачка и плуг | 1 |
| | 2 бразден 10 инчен плуг Унлу | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Трактор John Deere 5065E без кабина | 1 |
| | Ѓубрерастурач ФЕРТИ 400 без кардан/ Acma | 1 |
| | Атомизер Агромеханика АГП 330 л без кардан | 1 |
| | Прскалка Агромеханика 330 л со гарнитура | 1 |
| | Брана четирикрилна појачана ПП | 1 |
| | Фумигатори HTF-10 | 1 |
| | Метео станица NETSENSEN METEOSENSE 2.0 | 1 |
| | Соларна сушара за овошје и зеленчук ECO SOLAR | 1 |
| | Моторен тример Спарта441 Т | 1 |
| | Бензинска косилка Искра ХГ53СМХ | 1 |
| | Свредел за дупчење Искра ЛДЕ 520А | 1 |
| | Рачна количка /градежна, профи со поцинковано корито 85л., опремена со пневматско тркало со внатрешна гума. | 7 |
| | Лопата полукружна со рачка | 10 |
| | Засилено гребло со засилување за погруба манипулација и продолжен век за употреба,со 14 заба со рачка. | 10 |

## ➢ Пчеларска опрема

| Година на набавка | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| | Кошница ЛР | 6 |
| | Блуза пчеларска | 10 |
| | Нож пчеларски | 2 |
| | Сатни основи | 15 |
| | Капа пчеларска | 5 |
| | Хранилка од 3 литра | 10 |
| | Тегла ПВЦ со капак 720 мл | 100 |
| | Ракавици пчеларски | 15 |
| | Матична решетка ЛР | 10 |
| | Жица поцинкувана | 3 |
| | Dималица ф100 поцинкувана | 2 |

## ➢ Клима уреди, фрижидери и друга опрема и друга опрема

| Година на набавка | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| | Панел конвертор за греење | 3 |
| | Клима уреди2500W VIVAX ACP-09CH25AERI | 1 |
| | Клима уреди3500WVIVAX ACP-12CH35AEMI | 2 |
| | Клима уреди – VIVAX ACP12CH35AEMI | 3 |
| | Фаворит фрижидер РФ 263 | 1 |
| | Фаворит фрижидер Р 141 | 2 |
| | Телевизор-плазма | 2 |
| | Мобилен телефон HONOR 9C | 1 |
| | Мобилен телефон HONOR 8C | 12 |
| | Уништувач на хартија,хефт игли,спојувалки | 2 |
| | Уред за пластифицирање | 1 |
| | Рафт дрвен ќош со 4 полици,Н 1,45м | 3 |
| | Рафт дрвен со 4 полици,висина 1,5мх 0,45м | 5 |
| | Маси дрвени | 3 |
| | Клупи дрвени | 12 |

## ➢ Опрема за тековно одржување на училиштето

| Година на набавка | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| | Електрична убодна пила | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Убодна пила од 600W | 1 |
| | Компресор АГРИНА | 1 |
| | Пила моторна РД-ГЦС07 1800В | 1 |
| | Прочиствуач под притисок Universal Aquatak | 1 |
| | Сушара за раце – сензор | 3 |
| | Елемент со три фиоки и тркалца, 40x66x44 | 1 |
| | Аголна брусилка BOSCH , 650-750W, 115 камен за глава | 1 |
| | Акумулаторска дупчалка-одвртувач BOSCH | 1 |
| | Гарнитура двострани вилушкасти клучеви 10 парчиња | 1 |
| | Гарнитура ѕвездасти клучеви 7 парчиња | 1 |
| | Сет клешти | 1 |
| | Сет навртувачи – штрафцигер 8 парчиња | 1 |
| | Чекан, 1 од 200 гр и 1 од 2 кг-комплет | 1 |
| | Гребло, 14 запци, дрвена рачка | 1 |
| | Мотика, дрвена рачка | 1 |
| | Копач , дрвена рачка | 1 |
| | Лопата, дрвена рачка | 1 |
| | Француски клуч | 1 |
| | Комплет опрема за заштита при работа | 1 |
| | Метро метално | 1 |
| | Сет фазомери | 1 |
| | Пластична кутија со алат | 1 |
| | Количка ( кофа и преса за цедење моп) | 2 |
| | Држач за моп | 2 |
| | Моп | 4 |
| | Крпи антибактериски | 20 |
| | Рачка за метла | 2 |
| | Лопатка за смет со рачка | 2 |
| | Метла | 2 |
| | Ракавици комплет | 6 |
| | Знак за лизгав под | 1 |
| | Алуминумски скали 7 м висина | 1 |
| | Хилта Искра Еро 1600 | 1 |

- **Работна заштитна опрема**

За вработените, секоја година во рамките на своите можности училиштето обезбедува заштитна опрема

- **Животни во ЗОО паркот**

Училиштето располага со домашни и диви животни кои се сместени во ЗОО паркат. Во овој дел учениците изведуваат практична настава и вежби од сите образовни профили.

## 6.2.2. ТЕМА: УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА

- Училиштето располага со училишна библиотека. Училишната библиотека еЕ комплетно реконструирана и опремена делумно со нов мебел.

Во училишната библиотека има повеќе од 5000 наслови, во кои има лектирни изданија, стручна и друга друга литература.

### 6.2.3. ТЕМА: ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ

За нормално функционирање на земјоделската економија училиштето набавува потрошен материјал како семе, садници, ѓубриво, супстрат, фолии, црева за наводнување, вреќи, саксии (со различни форми, димензии, боја и материјал), алати, заштитни средства, храна за животните, лекови, нафта и сл.
Исто така се води грижа за набавка на канцелариски материјал, средства за хигиена и заштита при работа, како и средства за одржување на зградата.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Училиштето континуирано обезбедува наставни средства и помагала за реализација на теоретската и практичната настава и вежбите;
2. Училиштето е покриено со интернет мрежа која ги задоволува потребите на вработените и учениците;
3. Училиштето обезбедува услови за реализација на наставата како со физичко присуство на учениците, така и за следење на наставата од далечина.

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Дел од мебелот во училниците и канцелариите е застарен, а дел е искршен;
2. Дел од наставниците никогаш не побарале нагледни средства кои им се потребни за реализација на наставата, вежбите и сл., па по сите предмети нема нагледни средства, или пак тие се застарени и нефункционални

**ПРЕПОРАКИ**

1. Да се доопремат училниците со паметни табли, ЛЦД проектори, компјутери и сл.;
2. Да се доопремат лабораториите со потребната апаратура, опрема и реагенси;
3. Да се обезбедат нагледни средства согласно наставната програма во реформираноте техничко образование;
4. Да се набават лектирни и други изданија на македонски и албански наставен јазик.

## 6.3. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР

**Извори на податоци:**

- **Увид во досиејата на вработените;**
- **Увид во Нормативите за наставанек кадар;**
- **Увид во извештаите на стручната служба.**

### 6.3.1. ТЕМА: БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И СООДВЕТНОСТ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Работата на една организација не може да се замисли без материјално-технички, финансиски, информациски и човечки ресурси.

Луѓето со своите способности и целокупниот ментален и физички капацитет претставуваат најважен ресурс во една организација.
Стратешките планови на училиштето (квалитетно образование) не може да се реализираат без да се обезбеди соодветна кадровска структура, затоа што успехот на секоја организација пред сѐ зависи и од луѓето кои работат во неа.

Во учебната 2023/2024 година се планира во училиштето да работат 75 лица. Од нив најголем процент се наставен кадар. Еден дел од наставниот кадар доаѓаат од други училишта надополнуваат часови.

| | Вкупно | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 75 | 32 | 44 | 15 | 36 | 17 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на наставен кадар | 56 | 26 | 31 | 9 | 23 | 16 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на стручни соработници | 5 | 1 | 4 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Административни работници | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Техничка служба | 12 | 5 | 7 | 4 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Директор | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 61 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 10 |
| Основно образование | 5 |
| Вкупно | 76 |

| Старосна структура на вработените | Број на вработени |
|---|---|
| Од 20 до 30 | 5 |
| 31-40 | 26 |
| 41-50 | 27 |
| 51-пензија | 18 |

Според анкетниот прашалник, наставниците имаат потреба од професионално усовршување.
За професионалното усовршување тимот на училиштето во почетокот на учебната 2023/2024 година треба да изработи акциски план.

### 6.3.2. ТЕМА: ЕФЕКТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КАДАРОТ

Повеќето наставници кои предаваат општообразовни предмети поради воведување на нови наставни планови (реформирано техничко четиригодишно образование) останаа со помал број на часови во матичното училиште. Согласно политиката на Градот Скопје, ваквиот наставен кадар се сместува во останатите градски средни училишта каде што има потреба за тоа.

За учебната 2023/2024 година целиот наставен кадар кој е вработен на неопределено работно време има полн фонд на часови.

Што се однесува пак до административно техничкиот кадар и до стручната служба, сите обврски кои произлегуваат од работното место ги реализираат во рамките на 40 часовно работно време во текот на неделата.

### 6.3.3. ТЕМА: СТРУЧНА СЛУЖБА КАКО ПОДДРШКА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Стручната служба ја сочинуваат: Педагог, психолог, дефектолог, соработник по практична настава и библиотекар.

Стручната служба соработува со наставниците во следење на напредокот на учениците, , справување со „проблематичните“ ученици, поддршка при работа со ученици со посебни образовни потреби, при организација и реализација на практичната обука и сл.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Настават ја реализираат стручни и компетентни наставници;
2. Стручната служба им дава поддршка на наставниците во реализација на сите фази од воспитнообразовниот процес

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Има наставници кои не се соодведни за одредени наставни предмети;
2. Висок процент на наставници кои се вработени на одредено работно време.

**ПРЕПОРАКИ**

1. Поддршка на наставниците да се стекнат со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка;
2. Да се вработат дипломирани кадри (или поддршка на вработените побрзо да го заокружат високото образование);
3. Да се водат постапки за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време.
4. Да се преземат активности за преземање на наставниот кадар во училиштата каде што се подолг временски период распоредени за надополнување на часови (оние кои во друго училиште имаат повеќе од половина наставни часа).

## 6.4. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

**Извори на податоци:**

- **Програма за професионален развој на наставниците;**
- **Досиеја за личен професионален развој на наставниците;**
- **Извештаи од обуки, сертификати, потврди и сл.;**
- **Листи од спроведени интерни обука;**
- **Програма за менторирање на приправникот;**
- **Извештаи од наставнички совети;**
- **Разговори, интервјуа.**

Секој наставник треба да поседува одредени знаења, вештини и компетенции, кои не се стекнуваат само со неговото базично образование.
Современиот наставник континуирано се усовршува со стручни знаења, педагошки вештини, нови технологии, како и да биде флексибилен и отворен кон промените во образовниот систем и комуникацијата со родителите.

### 6.4.1. ТЕМА: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Професионалната обука и усовршувањето на наставниците директно влијае на квалитетот на образовниот процес, односно влијае врз зголемување на успехот на учениците и ефективниот развој на учениците и нивно вклучување во општествениот живот и работа.
Професионалниот развој на наставниците е нов концепт во наставничката професија, со кој на поинаков начин наставникот се подготвува за извршување на својата работа.
Согласно законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, наставникот во текот на својата работа е должен континуирано професионално да се усовршува (60 часа во текот на 3 учебни години) преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од МОН, интерно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење (најмалку 40 часа од акредитирани програма за обука).
Училишниот тим за професионален развој го сочинуваат:

- Константин Василевски-вд директор
- Оливера Величковска-педагог (стручен соработник);
- Претседателите на стручните активи.

Наставникот и стручниот соработник секоја учебна година (до 30 јуни во тековната учебна година) изготвува План за личен професионален развој согласно Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното и средното образование.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Училиштето им обезбедува на наставниците, стручната служба и другите вработени различни обуки;
2. Менторите го следат и подучуваат приправникот.

## ПРЕДИЗВИЦИ

1. Поголема контрола при реализација на плановите за професионален развој на наставниците и стручните соработници.
2. Организирање на обуки според потребите на вработените.

## 6.5. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

**Извори на податоци:**

- **Финансиски планови;**
- **Финансиски извештаи**
- **Планови за јавни набавки;**
- **Извештаи од резвизија;**
- **Извештаи од училишен одбор;**
- **Извештаи од Наставнички совет;**
- **Извештаи од консултанти за ЈН;**
- **Решенија за комисии за ЈН;**
- **Извештаи од комисии за ЈН;**
- **Договори од проекти финансирани од различни организации;**
- **Анкетен прашалник.**

Финансирањето на СУГС „Браќа Миладиновци" е резултат на Блок дотацијата од Градот Скопје (сметка 903 13), од сопствени приходи (сметка 787 19), од различни проекти (сметка 785), од Министерство за обрзование и наука на Република Северна Македонија (сметка 603 13) и од Градот Скопје (сметка 603 11).

Во 2022 година Во СУГС „Браќа Миладиновци"  училиштето располагаше со следниве сметки:

| Сметка | Приходи | Расходи | Остаток |
|---|---|---|---|
| Сметка 785010363890313 Блок дотација | 44.827.677 | 4.4827.677 | **0** |
| Сметка 785010363878719 Самофинансирачка | 1.940.400 | 859.200 | **1.081.200** |
| Сметка785010363860311 Град Скопје | 217.770 | 217.770 | **0** |
| Сметка 160010363860313 МОН | 30.000 | 30.000 | **0** |
| Сметка 785010363878507 Еразмус + | 7.292 | 7.292 | **0** |
| Сметка 7850103638785В1 Еразмус + | 388.178 | 335.032 | **53.146** |
| Сметка  7850103638785Ц6 ФИТР 3 | 60.000 | 60.000 | **60.000** |
| Вкупно | **47.471.317** | **46.336.971** | **1.194.346** |

Збирно од сите сметки училиштето располагаше со буџет од **47.471.317, 00** денари.

Расходите на поединечните сметки во 2022 се дадени подолу:

Сметка 787

| Расходи по конта | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Патување во земјата и странство/420 | 50000 | 1120 | 0 | 3600 | 8131 |
| Комунални трошоци/421 | 2839 | 6532 | 5300 | 2469 | 3223 |
| Материјали и систен инвентар/423 | 78328 | 93478 | 121199 | 166132 | 90827 |
| Поправки и тековно одржување/424 | 18890 | 136638 | 122428 | 195055 | 311283 |
| Договорни услуги/425 | 157111 | 263055 | 197678 | 168459 | 126851 |
| Оперативни расходи/426 | 238979 | 237828 | 241943 | 143791 | 117805 |
| Купување опрема/480 | 0 | 3958 | 28000 | 0 | 39400 |
| Купување мебел /483 | 0 | 0 | 0 | 73 | 161680 |
| Вложување во нефинансиски средства-птици 485 | 0 | 37120 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 546147 | 779729 | 716548 | 679579 | 859200 |

| Најголеми расходи на контата во % | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Материјали и систен инвентар/423 | 14,34 | 11,98 | 16,91 | 24,44 | 10,57 |
| Поправки и тековно одржување/424 | 3,45 | 17,52 | 17,08 | 28,7 | 36,23 |
| Договорни услуги/425 | 28,76 | 33,73 | 27,58 | 24,78 | 14,76 |
| Оперативни расходи/426 | 43,75 | 30,5 | 33,76 | 21,15 | 13,71 |
| Купување мебел/483 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18,81 |
| Вкупно | 90,3 | 93,73 | 95,33 | 99,07 | 94,08 |

Најголем процент од трошоците како и претходните години се направени на контата 423 материјали и ситен инвентар, 424 поправки и тековно одржување, договорни услуги 425, оперативни услуги 426 и оваа година на конто 483-купување мебел.




Споредбено добивката во 2019 година е зголемена за 59,45 %, во 2020 за 44,24, а во 2021 е зголемена за 68,19 % во однос на претходната година, а во 2022 е намалена за 11,8 %

Сметка 903







| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Плата и данок на личен доход.** | **24.899.385** |
| 401130 | Основна плата на вработени. | 23.283.109 |
| 401310 | Персонален данок плата. | 1616276 |
| **402** | **Придонеси од плата** | **9.676.584** |
| 402110 | Основен придонес за ПИО. | 6.497.092 |
| 402120 | Основен придонес за фондот за здравство. | 2.591.930 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување. | 172.831 |
| 402310 | Основен придонес за Агенцијата за вработување. | 414.731 |
| | **ВКУПНО** | **34.575.969** |




За комунални услуги од вкупниот буџет потрошени 47,53 %, односно 4.873.254 денари, што претставува зголемување од 50,08 % во однос на претходната година.
На ова конто училиштето е во претплата за 2023 година за 1.430.821 денари (претплата за ЕВН, водовод и канализација, нафта за греење, комунална хигиена и телефони и интернет.




Трошоците на конто 423-материјали и ситен инвентар изнесуваат 1.189.933 денари, што претставува 11,61 % од вкупниот буџет за останати трошоци. Од Графикон може да се забележи дека од изминатите години, трошоците на ова конто се најниски во 2022 година. Споредбено со 2021 година, во 2022 година овие трошоци се намалени за 567.650 денари (32,26 %).




Трошоците на конто 424-тековно одржување во 2022 година изнесуваа 2.171.570 денари, или 21,18 % од вкупниот буџет за останати трошоци.




Трошоците за договорни услуги-425 во 2022 година изнесуваат 1.291.351 денар, односно 12,6 % од буџетот наменет за останати трошоци. Во однос на претходната година има зголемување од 19,84 %. На ова конто училиштето е во претплата за трошоци за одржување на Зоо паркот и за превод (Претплата за Зоо-86.284 денари и превод од македонски на албански: 89.070 денари, или вкупна претплата 175.354 денари).




Трошоците оперативни расходи-426 изнесуваат 150.730 денари или 1,52 % од вкупните останати трошоци.

На контото други трансфери-464 потрошени се 128.566 денари, што претставува 1,25 % од буџетот наменет за останати трошоци.
Трошоците наменети за купување опрема-480 во 2022 година изнесуваа 200.000 денари, или 1, 95 %  од буџетот наменет за други трошоци.
За купување на мебел-483 потрошени се 242.126 денари или 2,36 % од буџетот наменет за други трошоци.

Сметка 603 11

| Финансиски извештај за работењето на СУГС „Браќа Миладиновци“, преку сметката 785010363869311 за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Приходи** | | |
| **741112** | **Приходи од Град Скопје** | **217.770** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| | | |
| **464** | **Други трансфери** | **217.770** |
| | **Награда за првенци на генерација и награда за наставници за придонес во меѓуетничка интеграција и толеранција во образованието** | **117770** |
| **464990** | **Оперативни расходи (МИО)** | **100.000** |

Сметка 603 13

| Финансиски извештај за работењето на СУГС „Браќа Миладиновци“, преку сметката 160010363860313 за период од 01.01.2022 до 31.12.2022/МИО | | |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **741112** | **Приходи од МОН** | **30000,00** |
| **Расходи** | | |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **30000,00** |
| **423990** | **Материјали за училишно радио** | **30000,00** |

Сметка 78507 Еразмус + НАСИРА

| Финансиски извештај за работењето на СУГС „Браќа Миладиновци", преку сметката 785010363878507 за период од 01.01.2021 до 31.12.2021/Еразмус +/НАСИРА | | |
|---|---|---|
| Приходи | | |
| 741119 | Други општи и тековни донации | 7292 |
| Расходи | | |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | |
| 423990 | | 7292 |

Сметка 785 В1 Еразмус + Обука на наставници

| Финансиски извештај за работењето на СУГС „Браќа Миладиновци", преку сметката 7850103638785 В1 за период од 01.01.2022 до 31.12.2022/Еразмус+/ОБУКА НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Приходи | | |
| 744311 | Други и тековни донации | 388178 |
| Расходи | | |
| 425 | Договорни услуги | 338083 |
| 425750 | Вонучилишни активности | 200705 |
| 425920 | Расходи за печатење | 2360 |
| 42590 | Други договорни услуги | 131967 |
| | Остаток за пренос | 53146 |

Сметка 785 Ц6 ФИТР-ВЕРТИКАЛНА ГРАДИНА

| Финансиски извештај за работењето на СУГС „Браќа Миладиновци", преку сметката 7850103638785 Ц6 за период од 01.01.2021 до 31.12.2021/Со вертикални градини до почист воздух | | |
|---|---|---|
| Приходи | | |
| 744311 | Други и тековни донации | 60000 |
| | | |
| Расходи | | 0 |
| | Пренос во наредна година | 60000 |

### 6.5.1. ТЕМА: ПОСТАПКИ СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Последната извршена ревизија на регуларност, транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори при спроведување на постапките за јавни набавки во СУГС „Браќа Миладиновци" е извршен од 10.02 до 31.032022 година , а конечниот извештај е доставен  на 04.04.2022 година.

Целта на ревизијата била да се утврди дали во процесот на доделување на договори за јавни набавки е обезбедено јавност, транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори и е овозможен избор на најповолна понуда. Потоа, да се утврди дали е обезбедено законско и наменско трошење на буџетските средства  при реализација на договорите за јавните набавки, како и зајакнување на контролниот процес во остварување и располагање со сопствените приходи.

Во Конечниот ревизорски извештај за 2017 година кога одговорно лице било Емилија Ангелова-директор, дадени се 16 наоди на јавните набавки и дадени се 24 препораки за надминување на утврдените состојби.
Во Конечниот ревизорски извештај за 2018 година кога одговорно лице било Емилија Ангелова (до 13.09.2019 година) и Елизабета Ангелеска (од 14.09.2018 година) дадени се 9 наоди на јавните набавки и дадени се 16 препораки за надминување на утврдените состојби.
Во Конечниот ревизорски извештај за 2020/2021 година од 17.03.2022 година (одговорно лице на училиштето е Елизабета Ангелеска)констатирани се 7 наоди и дадени се 11 препораки.
На состанокот што се одржа на 07.03.2022 година помеѓу претставниците на Секторот за внатрешна ревизија на Град Скопје и претставниците од СУГС „Браќа Миладиновци" беа презентирани утврдените состојби во нацрт извештајот и се дискутираше за регуларноста на постапките при што не се утврдени позначителни забелешки , туку се утврдени одредени пропусти.
Врз основа на наодите и препораките, училиштето изготви акциски планови за преземање на мерки за надминување на нерегуларностите нотирани во конечните извештаи и препораките дадени од ревизорите.
До Секторот за внатрешна ревизија после 3 месеци доставена е информација за преземените мерки и активности по однос на акциските планови, од кои се гледа дека постапено е по сите препораки, што укажува дека училиштето ја почитува законската регулатива за финансиско работење.
Ако се гледаат хронолошки Ревизорските извештаи може да се забележи дека училиштето од година во година го подобрува начинот на трошење на финансиските средства.

### 6.5.2. ТЕМА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПЛАНИРАЊЕ И ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТОТ

Училиштето ги информира вработените за финансиското работење на училиштето. Одговорните лица изготвуваат финасиски планови, финансиски извештаи и прават анализи на трошоците. Анализата на приходите и расходите за сите сметки ја презентира пред сите органи и тела во училиштето и истите ги доставува и до Градот Скопје.
За потребите од материјали и опрема училиштето се консултира со вработените, а потоа прави спецификација за потребата од набавка на одредени материјали и опрема.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Училиштето ги намалува непродуктивните трошоци;
2. Училиштето обезбедува финансиски средства од други извори
3. Училиштето ја почитува законската регулатива при трошењето на финансиските средства

**ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Училиштето преку различни извори да обезбеди средства за капитални инвестиции.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

Тим за самоевалуација на подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политили

1. **Нехат Реџепи- лидер на тимот**

За подрачјето на вреднување 7: Управување, раководење и креирање на политили, индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1.** | Управување и раководење со училиштто | ▪ Управување со училиштето<br>▪ Раководење со училиштето |
| **1.2.** | Креирање на училишната политика | ▪ Јасност и соодветност на мисијата и визијата<br>▪ Процедури за креирање на училишната политика<br>▪ Резултати од развојното планирање |

**Извори на податоци:**

- Статут на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Развоен план на училиштето;
